АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 01. 10. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3918 | 1 | |


# Л О К А Л Н И   И З Б О Р И   2017

## ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

## ЗА ПЕРИОДОТ ОД 16 ДО 24 СЕПТЕМВРИ 2017

## КЛУЧНИ НАОДИ

Поради почетокот на официјалниот дваесетдневен период за изборната кампања, што се падна на 25 септември, овој извештај е скусен за еден ден и се однесува на периодот од 16 до 24 септември 2017 година. Оттука натаму, на Агенцијата ѝ претстои промена на методолошкиот пристап за анализа на медиумското известување за темата – „Локални избори", со тоа што, на пример, ќе го удвои опфатот на методолошкиот примерок за централните дневно-информативни програми и ќе го следи почитувањето на принципите на еднаквост и пропорционалност за обезбедување избалансираност во известувањето.

Од анализата на медиумското известување опфатено во рамките на посочениот деветдневен период, пак, стриктно за темата - Локални избори, може да се издвојат новинарските вести и извештаи за завршните организациски работи што ги спроведе Државната изборна комисија, која пред почетокот на изборните карвани на коалициите, партиите и на независните кандидати за градоначалници, одигра и улога на посредник при потпишувањето на Кодексот за фер и демократски однос во изборната кампања.

Извештаите за учеството на Генералното Собрание на ООН, како и извештаите за отчетите на одделни министерства, и во овој период на анализата ја ставаат македонската Влада меѓу најзастапените субјекти во централните изданија на радио и на телевизиските дневници.

Од другите политички теми за кој е забележан зачестен информативен новинарски ангажман, може да се издвои и парламентарната расправа во врска со предлог-законот за употребата на јазиците. Кај некои медиуми, мошне забележително време, собрано од прилози со жанровски разновиден новинарски пристап, им се посвети на тековни судски случаи, или, пак, на потребите од реформи во судскиот систем.

И во овој извештаен период, МРТ 1 не ја следеше одредбата од своите Правила за медиумско покривање на Локалните избори 2017, според која во вестите до почетокот на изборната кампања „ќе обезбеди избалансираност во известувањето за активностите на политичките партии од власта и од опозицијата што се претставени во Собранието на Република Македонија".

ТВ Нова и ТВ Алфа, иако со помал обем од претходните извештајни периоди, останаа фокусирани на информациите за активностите, ставовите и реакциите на најголемата опозициска партија.

Радио Слободна Македонија повторно ја репризираше емисијата „Земјо Македонска", оригинално емитувана на 12 февруари 2016 година, која изобилува со вулгарен и непристоен речник, односно е во спротивност со професионалното начело за негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и за заштита на приватноста и достоинството на личноста.

## ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

### Телевизиски сервиси

## ПРВ ТЕЛЕВИЗИСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ1

***Дневно-информативни емисии***

Последниот извештаен период пред почетокот на изборната кампања, траеше девет дена – од 16 до 24 септември 2017 година и оттаму, мониторингот на известувањето на МРТ1 опфати девет изданија на Дневникот 2, чиј традиционален термин од 19 часот и 30 минути беше поместен на 17 септември поради пренос на ракометниот натпревар од Лигата на шампиони Вардар-Висла Плок. На анализа беа подложени прилози со вкупно траење од 3 часа 42 минути и 29 секунди, најчесто жанровски подготвени како извештаи, а потоа изјави, соопштенија, репортажа, и повеќе интервјуа (со Марк Лејланд, директор на хотелот Мериот во Скопје, со премиерот Зоран Заев при неговото учество на Генералното собрание на Обединетите Нации во Њујорк, со Благоја Куновски Доре, директор на Фестивалот на филмската камера „Браќа Манаки" непосредно пред отворањето на Фестивалот и со шефицата на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, амбасадорката Одри Гловер).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:06:34 | 2,95 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:27:28 | 12,34 | % |
| Влада на РМ | 01:00:41 | 27,28 | % |
| СДСМ | 00:03:18 | 1,49 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:46 | 0,34 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:53 | 7,59 | % |
| Граѓански сектор | 00:23:36 | 10,61 | % |
| Без субјекти | 00:04:33 | 2,05 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:18:35 | 8,36 | % |
| Други субјекти | 00:32:37 | 14,66 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:17 | 1,03 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:52 | 3,09 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:06:25 | 2,88 | % |
| Судство | 00:01:57 | 0,88 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:32 | 0,24 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:22 | 1,07 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:19 | 0,14 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:48 | 0,81 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:11 | 0,53 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:06 | 0,94 | % |
| ТМРО | 00:00:23 | 0,17 | % |
| Беса | 00:00:37 | 0,28 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:23 | 0,17 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:14 | 0,10 | % |
| | **Вкупно: 03:42:29** | **100** | **%** |

Известувањето за Владата доби нешто над 1 час од вкупното анализирано време. На полето на внатрешно-политичките активности, одлуки, мерки - информирано беше за усвојувањето на владината Декларација за фер и слободни избори, за објавувањето нови податоци за средствата што претходната влада ги давала на странски и домашни медиуми за привлекување странски инвестиции и за рекламни кампањи, отчетите за првите 100 дена на власт од министерствата за земјоделство, шумарство и водостопанство, за финансии, за култура, на вицепремиерот за евроинтеграции, министерството за правда, за здравство информациите од министерот за транспорт и врски Горан Сугарески дека е потребно да се донесе законска измена за да се продолжи рокот за изградба на автопатот Миладиновци – Штип, како и за промени во законската регулатива за градежништвото, изјавата на Мила Царовска, министерката за труд и социјална политика за две исплати на социјална парична помош, јавните дебати за платформата за економски раст со претставниците на меѓународните институции и амбасадорите, со македонскиот бизнис сектор и стручната јавност, појаснувањата на министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски во поглед на укинувањето на радиодифузната такса, учеството на Оливер Спасовски, министерот за внатрешни работи, на втората Конференција за справување со верски екстремизам што се одржа во Охрид, негова изјава за потреба од меѓународна истрага во врска со случајот „Диво Насеље", неговото присуство на првиот академски час на Факултетот за безбедност, утврдувањето на текстот на предлог-закон за амнестија, отворањето погон на германски „Акомпласт" во слободната индустриска зона во Прилеп, барањето на лекарите до министерот за здравство Арбен Таравари да се изработи Национална стратегија за справување со Алцхајмеровата болест, потребата да се реформира образованието за да се добие писменост која е пофункционална, истражувањата за отстранување на отровниот Линдан од кругот на фабриката ОХИС, производството на струја и потребата да се инвестира во обновливи извори енергија. Беа одбележани средбата на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска со нејзиниот бугарски колега Красимир Каракачанов и средбата на вицепремиерот за евроинтеграции Бујар Османи со Александар Андреја Пејовиќ, министер за евроинтеграции на Црна Гора.

Телевизијата го следеше учеството на премиерот Зоран Заев и владината делегација на Генералното собрание на ОН, односно настанот кој на надворешно политички план во овој период беше најзначаен, преку јавувања од специјалниот известувач на МРТ. Беше известено за обраќањето на премиерот на сесијата Отворено владино партнерство, за неговото учество на средбата на лидерите од Западен Балкан со високата претставничка за надворешна и безбедносна политика, Федерика Могерини и со еврокомесарот Јоханес Хан, неговото присуство на дипломатскиот прием кај претседателот на САД Доналд Трамп, за средбата на премиерот со претставници на организациите на македонската дијаспора, пренесени беа акценти од неговото обраќање пред Генералното собрание, а по состанокот со генералниот секретар на ОН Антонио Гутереш, беше направено интервју со премиерот Заев.

Освен ова, беше информирано и за њујоршката средба на министрите за надворешни работи на Македонија Никола Димитров и на Грција Никос Коѕијас, за состанокот на генералниот секретар Антонио Гутереш и грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас, во присуство на медијаторот за прашањето на името Метју Нимиц итн.

Известувањето за политичките партии остана концентрирано на критиките и обвинувањата од ВМРО ДПМНЕ за владините мерки, изјави, отчети, на што одговараа од Владата и од СДСМ (со соопштенија). Најмногу време доби ВМРО ДПМНЕ, односно за нејзините секојдневни изјави и активности во и надвор од Собранието, беше известувано во текот на триесетина минути. Во и надвор од парламентот, СДСМ доби околу 9 ипол минути, а ДУИ околу 2 минути. Како дел од подготовките за изборите, со малку време беше известено за ГРОМ, Алијанса на Албанците, ТМРО, Беса и Народното движење за Македонија. МРТ 1 и во овој извештаен период не успеа да ги исполни своите Правила за медиумско покривање на Локалните избори 2017, особено во делот дека при известувањето во вестите од распишување на изборите до започнување на изборната кампања „ќе обезбеди избалансираност во известувањето за активностите на политичките партии од власта и од опозицијата што се претставени во Собранието на Република Македонија".

Од Собранието се известуваше редовно за законите за кои се водеше расправа на пленарните седници, како оние кои се однесуваа на зголемување на минималната плата, за статусот на за стечајците, предлог-законот за употребата на јазиците. Беше известено и за седницата на Националниот совет за евроинтеграции во новиот парламентарен состав, на која се обратија поранешниот министер Никола Попоски, вицепремиерот Бујар Османи и шефот на Делегацијата на ЕУ во РМ Самуел Жбогар; потоа за барањето на министерот за транспорт и врски Горан Сугарески за законски измени со кои ќе се овозможи потпишување анекс договори за доизградба на автопатите Миладиновци-Штип и Кичево-Охрид, а беше соопштено и оти законодавниот дом нема да заседава додека трае изборната кампања.

Информациите за Локалните избори се однесуваа на работата на ДИК во поглед на потврдувањето на кандидатските листи, издавањето акредитации за странските набљудувачи, Избирачкиот список, имаше подетална информација за резултатите од ждрепката за утврдување на редоследот на кандидатите на гласачките ливчиња, известено беше за конвенциите на ВМРО ДПМНЕ и на ДУИ за претставување на кандидатите за градоначалници.

Приказ на широкиот дијапазон општествени теми што МРТ1 во овој период на анализата ги прикажа во деветте дневно-информативни емисии, за различни актуелни теми од општествениот живот, културни настани и состојби во здравството и економијата, говори широкиот список на субјекти опфатени во категориите „други субјекти“ со 32 минути и 37 секунди и „граѓански сектор“ со 23 минути и 36 секунди. На пример, на полето на економијата обработени беа темите во врска со тоа дали фабриката Санос произвела и извезла автобуси и за тоа кој ја блокира сметката на компанијата Фени. Во обата прилози беа пренесени обвинувања од ВМРО ДПМНЕ и одговори од претставници на инволвираните компании, Владата и надлежните државни органи.

Други вакви теми - значајни за целата јавност или за нејзини сегменти - беа информацијата за донацијата на компјутери, печатач и софтвер за Сојузот на слепи лица од Битола, проектот за почитување на различностите од шест невладини организации од повеќе градови во Македонија, пожарот во Националниот парк на Пелистер, барањата и ставовите на коморските здруженија за повеќе прашања, потребите на Брзата помош, граѓанската инцијатива за продолжување на породилното отсуство на 18 месеци, за редовно обезбедување на потребните лекарства за децата со понизок раст, за болните од леукемија, за лицата со ретката болест Вилсон, Маршот за почист воздух, анкетата на Организацијата Македонија 2025 според која 77% од инвеститорите во дијаспората сметаат дека земјава е добро место за вложување, анализата на Хелсиншкиот комитет и ЛГБТИ центарот и барањето за носење национална стратегија за заштита на маргинализираните групи, премиера на претставата „Папагалот историко“ во Драмски театар во Скопје, изложбата на Дарко Талески и Ферди Булит во Прилеп насловена „Дел од мене“ и инспирирана од тутунот, можностите за екстремен спорт во Македонија – односно спортското качување како промоција на туризмот, прогласување на архимандритот Јоаникиј Ракотински за светец, акцијата за чистење на Охридското Езеро од отпад, археолошките ископувања на непознатиот антички град на локалитетот Долниште итн.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:01:50 | 1,94 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:32 | 13,25 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:35 | 0,62 | % |
| Влада на РМ | 00:25:08 | 26,57 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:59 | 6,33 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:42 | 15,54 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:53 | 7,28 | % |
| Други субјекти | 00:13:50 | 14,63 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:57 | 1,00 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:34 | 4,83 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:42 | 2,85 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:21 | 0,37 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:10 | 1,23 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:50 | 0,88 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:29 | 0,51 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:00:54 | 0,95 | % |
| СДСМ | 00:00:16 | 0,28 | % |
| ТМРО | 00:00:09 | 0,16 | % |
| Беса | 00:00:10 | 0,18 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:06 | 0,11 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:28 | 0,49 | % |
| | **Вкупно: 01:34:35** | **100** | **%** |

Најмногу време кај директните обраќања има Владата, во кое влегува и интервјуто со премиерот Заев во Њујорк, потоа граѓанскиот сектор (каде што се вбројува и интервјуто со директорот на фестивалот „Браќа Манаки"), следуваат ентитетите од категоријата „други субјекти", па ВМРО ДПМНЕ. Сите други субјекти имаат помалку од десет минути за директни обраќања во деветдневниот период кој беше предмет на анализа.

***Посебни информативни емисии***

*Актуелно-информативни програми*

На 19 септември, по 22 часот, беше емитувана емисијата „Од наш агол". Поканети и присутни гости во студиото на МРТ1 беа политичките аналитичари Сотир Костов и Алберт Муслиу, кои дебатираа на актуелни теми поврзани со Локалните избори 2017. Истата емисија беше репризно емитувана на 20 септември во попладневните часови.

МРТ1, на 22 септември некаде пред 22 часот, го пренесуваше обраќањето на претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев на пленарната седница на Генералното собрание на ООН во Њујорк.

## ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКАТА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ 2 ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

***Дневно-информативни емисии***

Деветте изданија на Дневникот 1 во 18 часот и 30 минути на МРТ2 - Програма на албански јазик, кои беа емитувани во деновите меѓу 16 и 24 септември 2017 година, беа предмет на последниот извештај од мониторингот на известувањето во периодот пред да започне изборната кампања. Предмет на анализа беа 3 часа 7 минути и 21 секунда реализирани како извештаи, изјави, соопштенија, вести.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 - албански јазик субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:09:48 | 5,23 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:58 | 3,72 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:49 | 3,64 | % |
| Без субјекти | 00:08:05 | 4,32 | % |
| Влада на РМ | 00:58:04 | 30,99 | % |
| Други субјекти | 00:27:26 | 14,64 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:06 | 5,92 | % |
| СДСМ | 00:02:07 | 1,13 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:59 | 4,79 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:34 | 5,64 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:23 | 3,40 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:05:42 | 3,04 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:09 | 1,14 | % |
| Беса | 00:02:44 | 1,46 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:03:23 | 1,81 | % |
| Судство | 00:05:09 | 2,75 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:13 | 1,18 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:33 | 1,89 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:16 | 1,21 | % |
| Собрание (Беса) | 00:01:18 | 0,69 | % |
| Собрание (Алијанса на Албанците) | 00:01:25 | 0,76 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:35 | 0,31 | % |
| ТМРО | 00:00:35 | 0,31 | % |
| | **Вкупно: 03:07:21** | 100 | % |

Работата на Владата беше следена редовно, преку информации за домашните и надворешнополитичките прашања, што резултираше со прилози во времетраење од 58 минути. Кај првите, известено беше за усвојувањето Декларација за фер и слободни избори од страна на Владата; трошоците на претходната влада за роуд шоуа, реклами и промотори; отчетите што, по првите 100 дена поминати на функциите, ги дадоа министрите за земјоделство, шумарство и водостопанство, за финансии, за култура, за економија, вицепремиерот за евроинтеграции; утврдувањето текст на предлог-закон за амнестија. Беше информирано и за состанокот на министерот Кочо Анѓушев со амбасадорите и претставниците на релевантните странски институции на кој беше дискутирано за економската програма за развој, за учеството на министерот за внатрешни работи на Конференцијата за справување со верскиот екстремизам, изградбата на мостот во Порој со помош на АРМ. Од втората група активности - оние на меѓународен план - централно беше учеството на премиерот Зоран Заев на Генералното собрание на ОН во Њујорк од каде беше известено за неговиот состанок со македонската дијаспора, за билатералните и мултилатералните средби со политичари, за обраќањето на Генералното собрание. Од настаните во Скопје, извештаи имаше и за билатералните средби на вицепремиерот за евроинтеграции Бујар Османи со министерот за евроинтеграции на Црна Гора Александар Андреја Пејовиќ, како и на министерката за одбрана Радмила Шеќеринска со нејзиниот бугарски колега Красимир Каракачанов.

МРТ2, за Локалните избори известуваше преку информациите за тоа како ДИК ги реализира своите задачи, за подготовките, коалицирањата и кандидатите на политичките партии, замената на членот на ДИК од ДПА со членка од Беса, потпишувањето на Кодексот за фер избори од страна на градоначалничките кандидати, подготвеноста на набљудувачките мисии на МОСТ и на ОБСЕ/ОДИХР, Правилата на МРТ 2 за покривање на изборите, а консултираше и експертски мислења и спроведе новинарска анкета со граѓаните. Во контекст на изборите беше пренесена и одлуката на Инспекторатот за локална самоуправа да покрене

иницијатива за утврдување на уставноста на одлуките на некои општини да одржат референдуми против мигрантите, односно дека такви референдуми на денот на изборите нема да има.

Инаку, од прилозите поврзани со Локалните избори, во најголем дел произлегува и времето за повеќето од политичките партии наведени во Табела 1. ВМРО ДПМНЕ е застапена и со реакции по други прашања. Дел од времето (повторно видно од Табела 1) се однесува на дебатите на пратениците во Собранието за законот за зголемувањето на минималната плата и особено на предлог-законот за јазиците. Од Парламентот имаше и информации за седницата на Националниот совет за евроинтеграции, како и за средбата на претседателот на Законодавниот дом Талат Џафери со Лордот Грокот и бароницата Кусинс.

Од другите вести од пошироко значење, на кои во голем дел се должи и времето за субјектите од категориите „други субјекти" и "граѓански сектор" се однесуваат на барањата за подобрување на состојбата на болните од Алцхајмеровата болест, од леукемија, за Маршот за чист воздух, Денот без точаци, апел за помош, ставовите на новинарите за промените при обезбедувањето слободен пристап до информации од јавен карактер од Централниот регистар и за финансирањето на Јавниот радиодифузен сервис по укинувањето на радиодифузната такса, поетскиот фестивал во Тетово. Освен ова известено беше и за прогласувањето ограничена епидемија на морбили во Гази Баба, апсењето и притворот на Игор Југ итн.

Оваа редакција редовно известуваше за судските случаи кои го привлекуваат интересот на јавноста, а информираше и за подготовката на стратегија за реформи во судството.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:01:37 | 3,02 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:52 | 3,48 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:07 | 3,95 | % |
| Влада на РМ | 00:18:16 | 34,10 | % |
| Други субјекти | 00:06:32 | 12,20 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:04 | 5,72 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:01 | 3,76 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:49 | 3,39 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:25 | 2,64 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:10 | 0,31 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:31 | 4,70 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:35 | 2,96 | % |
| Граѓански сектор | 00:03:57 | 7,37 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:19 | 2,46 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:51 | 1,59 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:46 | 3,30 | % |
| Беса | 00:01:15 | 2,33 | % |
| Собрание (Алијанса на Албанците) | 00:00:41 | 1,28 | % |
| СДСМ | 00:00:21 | 0,65 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:10 | 0,31 | % |
| ТМРО | 00:00:15 | 0,47 | % |
| | **Вкупно: 00:53:34** | **100** | **%** |

Вкупно емитуваните тонски парчиња во вестите траат околу 53 ипол минути, меѓу кои единствено Владата има директни обраќања подолги од 10 минути.

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

МРТ2, во овој извештаен период, организираше една дебатна емисија. Овој пат, на 19 септември, во „Аргумент" дебатираа Арбер Адеми од ДУИ, Фатон Фазлиу од Беса, Агон Ферати од Алијансата за Албанците, а ДПА не се одзвала на поканата. Темите беа Локалните избори, кандидатите за градоначалници и за советници, соработката меѓу партиите, како и очекувањата на политичките партии за тоа во колку општини ќе победат, односно по колку советници ќе добијат. Емисијата имаше две репризи, на 20 и на 22 септември.

## Радио сервиси

**МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

***Дневно-информативни емисии***

Во деветдневниот период од 16 до 24 септември 2017 година, скратен поради претстојната промена на методолошкиот пристап за анализа на официјалниот период за изборната кампања што почна на 25 септември, опфатени беа осум изданија на „Пладневниот радио весник", емитуван во редовниот термин од 15 часот и 30 минути, и едно издание на „Дневни новости", емитувано во ден - недела, 17 септември. Обемот анализирани новинарски прилози, главно - вести (во низа) и извештаи од активностите на различни политички и општествени чинители, поврзани со актуелни теми од општественото секојдневие на Република Македонија, изнесува – 3 часа 25 минути и 12 секунди.

Држејќи се стриктно за – „Локалните избори", централната тема на методолошки ограничениот предмет, забележливо е дека информативната редакција на Првиот програмски сервис се определи – да известува, но не и да го коментира (во која било варијанта на овој жанр), последниот период пред почетокот на изборните карвани на коалициите, партиите и на независните кандидати за градоначалници и советници во македонските општини. Оттаму, во оваа статистичка категорија бележени се најчесто новинарските извештаи за завршните организациски работи на Државна изборна комисија (*промената на составот на Комисијата по прием на член од партијата Беса; упатството за членовите на ОИК; изгледот на избирачкото ливче по извршената ждрепка на потврдените кандидатури; определување локации за политичко рекламирање; посредништвото на Комисијата при потпишувањето Кодекс за фер и демократски избори*), но проследени се и ставовите и очекувањата на претставници од т.н. „меѓународна заедница", како и критичките забелешки на одредени политички партии.

Доминантно, речиси со третина од вкупното информативно време собрано од двете посочени дневно-информативни емисии, застапена е Владата на Република Македонија (1 час 18 минути и 37 секунди). Во календарскиот период од 16 до 24 септември, во фокусот на новинарскиот ангажман беа подготовките и реализацијата на владиното учество на Генералното Собрание на ООН, а последователно и ефектите од официјалната меѓународна презентација на македонските дипломатски ставови, посебно во однос на билатералниот спор со Република Грција и со него поврзаната агенда за евро-атлантските интеграции на државата. Тематски, во делокругот на овој субјект, новинарите на МР1 ги земаа предвид и поединечните отчети што ги поднесуваа одредени министерства (*економија / финансии / култура / правда / евроинтеграции / земјоделство, шумарство, водостопанство*) по 100-те изминати дена од работењето на новиот владин состав, но и своевидните „ревизии" за последиците од економските и од социјалните политики на претходниот владин состав предводен од ВМРО ДПМНЕ. Токму во оваа смисла, редовно е отстапувано и место за репликите на најголемата опозициска партија, како и за други нејзини политички

релевантни активности, а беше известувано и за експертските ставови и за реакциите од непосредните корисници на презентираните владини политики.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| Македонско радио 1 | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Влада на РМ | 01:18:37 | 38,31 % |
| ДИК и други органи | 00:15:10 | 7,39 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:16 | 7,93 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:22 | 6,03 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:04 | 1,49 % |
| Други субјекти | 00:29:34 | 14,41 % |
| Без субјекти | 00:01:57 | 0,95 % |
| Собрание на РМ | 00:04:32 | 2,21 % |
| Граѓански сектор | 00:16:38 | 8,10 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:45 | 3,29 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:04:20 | 2,11 % |
| Специјално обвинителство | 00:02:16 | 1,10 % |
| Судство | 00:02:10 | 1,05 % |
| СДСМ | 00:00:52 | 0,42 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:08 | 2,98 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:01:04 | 0,52 % |
| Претседател на РМ | 00:00:51 | 0,41 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:59 | 0,97 % |
| Локална самоуправа (Коалиција СДСМ) | 00:00:39 | 0,31 % |
| | **Вкупно: 03:25:12** | 100 % |

Евидентираните 4 минути и 32 секунди, под статистичката ставка - „Собрание на Република Македонија" (*главно - нотирани активности на спикерот Џафери*), претставуваат само индикација дека редовно е известувано за главната парламентарна дебата во врска со – предлог-законот за употребата на јазиците, што инаку треба да се чита и преку обемот на поединечните партиски статистики, бележени со предзнакот „Собрание", на пример: Собрание (ДУИ) 1 минута и 59 секунди; Собрание (Коалиција СДСМ) 4 минути и 20 секунди; Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) 6 минути и 45 секунди, така што ќе се добие поодредена слика за најагилните учесници во формалното, политичко соочување по едно од најактуелните прашања за македонското општество. Од другите собраниски дебатни теми, за издвојување се извештаите во врска со донесените измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за стечајните работници, и измените во Законот за медицински студии и стручно усовршување на лекарите.

Втора по застапеност меѓу информациите новинарски обликувани во „Пладневниот радио весник" е статистичката категорија – „други субјекти" (29 минути и 34 секунди), во која најчесто влегуваат минутажите за лица опфатени (*осомничени / обвинети / осудени*) со тековни судски процеси (на пример: *„Сопот" / „Диво Насеље"*) или нивните правни застапници, потоа ставовите на медиумски работници (*ЗНМ*), организатори на културно-уметнички манифестации (*филмскиот фестивал „Браќа Манаки"*), Народниот правобранител и Народната банка.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| Македонско радио 1 | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Влада на РМ | 00:26:03 | 46,30 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:38 | 8,23 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:02 | 1,84 % |
| Други субјекти | 00:05:03 | 8,98 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:06:37 | 11,76 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:11 | 5,66 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:47 | 4,95 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:00 | 3,55 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:20 | 2,37 | % |
| СДСМ | 00:00:36 | 1,07 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:40 | 2,96 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:54 | 1,60 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:25 | 0,74 | % |
| | **Вкупно: 00:56:16** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

*Актуелно-информативни програми*

Евидентирана низ петте работни дена - од 18 до 22 септември 2017 година, емисијата „Актуелно", прикажува избор на најзначајните настани поврзани со општественото и со политичкото секојдневие на Република Македонија. Хронолошки, листата со уредувачкиот избор на овие теми е следната: - на 18 септември, опфатени се - средбата на министрите за одбрана на Македонија и на Бугарија; потпишувањето меморандум за соработка на здруженијата за туризам; извештај од 72-то Генерално Собрание на ООН; - на 19 септември, тема на денот е - изјавата на Бујар Османи, вицепремиерот за европски прашања, по повод 100-те дена работа на новата Влада; предлогот за нова национална стратегија за справување со насилен екстремизам и радикализации што водат кон тероризам; пристап кон руралниот развој и иницијативите за креирање мерки и политики за локален економски развој; акценти од отчетот на Љупчо Николовски, министерот за земјоделство; - на 20 септември, основна тема за емисијата се - највисоките државни приоритети, според премиерот Зоран Заев; препораките на евроамбасадорот Самоел Жбогар; скопскиот граѓански протестен марш за чист воздух; - на 21 септември, редакцијата прави осврт кон дипломатските средби што македонскиот Премиер ги реализирал за време на меѓународниот собир во ООН; посочени се поенти од извештајот на Светската банка, и опширен прилог за користењето на старт-ап програмите за започнување бизнис; - на 22 септември, по информативниот приказ на актуелности од областа на културата и уметноста кај нас и во светот, даден е и дел од отчетот на Роберт Алаѓозоски, актуелниот министер за култура.

## МАКЕДОНСКО РАДИО – ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК

***Дневно-информативни емисии***

Во деветте изданија на централните вести во 16 часот, што се емитуваа на Македонското радио програма на албански јазик во периодот од 16 до 24 септември, беа анализирани прилози со вкупно траење од 2 часа 7 минути и 50 секунди, претежно формулирани како вести, вести во низа и извештаи.

Редовно беше информирано за работата на Владата, што резултираше со тоа за неа да има и најмногу време во вестите – близу 43 минути. Слушателите беа информирани за владината Декларација за фер и слободни избори, трошењето на претходната влада за рекламирање, отчетот за првите 100 дена на власт на министерството за финансии, работата на вицепремиерот за евроинтеграции Бујар Османи, ставот на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски дека за кумановските настани е потребна меѓународна истрага, информации од работата на министерствата за економија, за здравство. Од билатералната соработка, информации имаше за средбите меѓу премиерот Заев и амбасадорот на САД Џес Бејли и на првите луѓе на одбраната на Македонија Радмила Шеќеринска и на Бугарија Красимир Каракачанов. Настан од надворешно-политичката сцена, за кој имаше најмногу информации, беше учеството на премиерот Зоран Заев, придружуван од владина делегација, на Генералното собрание на ОН. Од Њујорк беше информирано за билатералните и другите средби, како и за обраќањето на премиерот на

Генералното собрание. Освен за активностите на нашата делегација, имаше вест и за средбата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас и генералниот секретар на ООН, Антонио Гутереш и за неговите ставови во поглед на можностите за решавање на прашањето за името на Република Македонија.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:42:41 | 33,40 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:35 | 4,37 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:40 | 9,91 | % |
| Други субјекти | 00:20:18 | 15,89 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:16 | 6,47 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:12 | 4,84 | % |
| Собрание на РМ | 00:05:37 | 4,39 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:09 | 1,69 | % |
| Судство | 00:04:32 | 3,54 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:04:49 | 3,76 | % |
| самоуправа (ДУИ) | 00:02:47 | 2,18 | % |
| Без субјекти | 00:03:43 | 2,91 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:52 | 0,68 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:45 | 0,59 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:38 | 0,50 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:42 | 0,54 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:46 | 0,60 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:30 | 1,96 | % |
| Беса | 00:00:35 | 0,46 | % |
| СДСМ | 00:00:35 | 0,46 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:35 | 0,46 | % |
| ТМРО | 00:00:15 | 0,19 | % |
| Левица | 00:00:15 | 0,19 | % |
| | **Вкупно: 02:07:50** | **100** | **%** |

Од работата на Собранието, информирано беше за усвојувањето на законските решенија за минималната плата, за стечајните работници, укинувањето на радиодифузната такса, законската измена со која местото на Бедредин Ибраими од ДПА во ДИК го заземе нов член од редовите на Беса, за дебатата за предлог-законот за употребата на јазиците. Имаше информации и за состанокот на Националниот совет за евроинтеграции и за учеството на претседателот на Собранието Талат Џафери на конференција на тема мирот и улогата на пратениците, која се одржа во Приштина.

За Локалните избори, во предвечерието на почетокот на изборната кампања, беше известувано преку информации за тоа како ДИК ги реализира своите активности, за подготовките и соработката меѓу партиите, потпишувањето Кодекс за фер избори од страна на градоначалничките кандидати, за почетокот на изборната кампања. Всушност, присуството на поголем број политички партии со мали минутажи, како што може да се види од Табела 1, се должи токму на извештаите за Локалните избори. Инаку, генерално земено, за активностите во Собранието и надвор од него, по време прва е ВМРО ДПМНЕ, со вкупно околу 9 минути, во кои влегува и информација за Иницијативата од движењето за реформи во ВМРО-ДПМНЕ, а потоа е ДУИ со вкупно околу 7 минути.

Околу 20 минути од вестите има за категоријата „други субјекти", што се должи на редовното известување за актуелните судски случаи и ставовите на адвокатите кои учествуваат во нив, на информации за работата на универзитетите, училиштата и сл.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| МРА - албански јазик Субјект | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Граѓански сектор | 00:02:28 | 11,73 | % |
| Влада на РМ | 00:06:29 | 30,82 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:57 | 9,27 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:44 | 3,49 | % |
| Други субјекти | 00:03:18 | 15,69 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:46 | 13,15 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:10 | 0,79 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:45 | 3,57 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:25 | 1,98 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:17 | 6,10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:43 | 3,41 | % |
| | **Вкупно: 00:21:02** | **100** | **%** |

Директно пренесените изјави зафаќаат околу 21 минута од вестите, од кој 6 ипол минути се од претставниците на Владата.

## ТРГОВСКИ РАДИОДИФУЗНИ ДРУШТВА

### Терестријални телевизии

### ТВ АЛСАТ-М

***Дневно-информативни емисии***

Од ТВ Дневникот емитуван од 19 часот, во деветдневниот период од 16 до 24 септември 2017 година, собрани се вкупно 3 часа 45 минути и 24 секунди за новинарски прилози на актуелни општествено - политички теми. Мониторингот на овој период од изборниот процес заврши на 25 септември, односно пред официјалниот почеток на изборната кампања за локалните избори кои, како тема, најчесто беа обработувани преку завршните организациски работи што ги спроведува Државната изборна комисија (*ждрепката за распоредот на кандидатите од гласачкото ливче / прием на член од Беса во составот на ДИК / спорот околу името на две коалиции на албански партии*), но ТВ Алсат М континуирано, најчесто преку соочување експертски, политиколошки и комуниколошки гледишта, се осврнуваше на клучни аспекти земени како основа за политичка прогноза на изборниот исход (*„непринципиелните" коалиции и тајните договори за одредени локални самоуправи / учеството на државни функционери во изборната кампања / (дис)функционалноста на изборните пораки од јавните настапи пред гласачкото тело / (не)прочистеноста на Избирачкиот список / бавноста на процесите за децентрализација*). Во овие тематски рамки, посочени беа и организациските одговорности на Министерството за внатрешни работи, потоа - релевантноста на мониторингот што од политички коректовен аспект го прават граѓанскиот сектор и меѓународната заедница, но и одлуката на Инспекторатот за локалната самоуправа, со која се прогласени за незаконски т.н. „локални референдуми против мигранти".

Вестите и извештаите пред сè за тековните економски политики, во кои освен проектите и процесите што ја поставуваат македонската економија во различни меѓународни релации, спаѓаат и ревизорските зафати за работењето на претходното раководство на извршната власт, и во овој период на мониторингот ја ставаат статистичката ставка - „Влада" - на прво место по застапеност во ТВ Дневникот од 19 часот. Информативната редакција на ТВ Алсат М и за оваа тема го применува истиот пристап, односно, основните официјални информации од државните органи ги контекстуализира преку панорама експертски гледишта, но и преку непосредни реакции на одредени политички партии (*најчесто комуникеа на ВМРО ДПМНЕ, но и извадоци од интервју на Груевски за ТВ Алсат М*), или економски субјекти директно засегнати од најавените или од тековните владини економски политики (*постојните стопански комори*). Освен споменатата тема – економија, во овој тематски домен позабележливо време е отстапено и за реформите во Управата за безбедност и контраразузнавање.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:22:20 | 9,91 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:40 | 5,62 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:52 | 1,71 | % |
| Влада на РМ | 00:47:28 | 21,06 | % |
| СДСМ | 00:03:55 | 1,74 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:24 | 4,17 | % |
| Граѓански сектор | 00:11:09 | 4,94 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:16:00 | 7,10 | % |
| Без субјекти | 00:10:00 | 4,43 | % |
| ДПА-ДР | 00:08:04 | 3,58 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:03:07 | 1,38 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:03:14 | 1,43 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:09:14 | 4,09 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:08:17 | 3,67 | % |
| Собрание (Беса) | 00:02:18 | 1,02 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:13:39 | 6,05 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:26 | 2,85 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:37 | 1,16 | % |
| Судство | 00:16:01 | 7,10 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:08 | 1,39 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:04:39 | 1,66 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:03:18 | 1,46 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:19 | 0,14 | % |
| Беса | 00:01:23 | 0,61 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:30 | 0,23 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:49 | 0,36 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:14 | 0,10 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:22 | 0,61 | % |
| | **Вкупно: 03:45:24** | **100** | **%** |

Иако ставката именувана – „судство", во квантитативниот приказ на статистиката за застапеноста на субјектите има само 16 минути, сепак, доколку се има предвид описот на кусата содржина од прилозите прибележани во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, ќе се забележи дека ТВ Алсат М во голема мера посветува новинарско внимание на правно спорни општествено-политички процеси, на злоупотреби на службена позиција и на нивни последици, на тековни судски процеси, потоа на експертски анализи за неопходните реформи во судскиот систем, и на поврзаноста на одредени политички процеси, најчесто од доменот на надлежностите на гарнитурата од извршната власт (актуелната или претходната), со високи судски инстанци, како што се Врховниот суд, Јавното обвинителство, но и на работата на Специјалното јавно обвинителство. Во зависност од основниот извор на информациите за одредени новинарски прилози, според постојниот методолошки пристап за анализа, во статистиката се бележени различни субјекти, а сепак, во основа – темата и содржината на прилозите е, општо речено – „судството", но како што посочивме, разгранета на различни нивоа од судската и од извршната власт.

На ваков начин би требало да се гледаат и ставките во кои е опфатена работата на Собранието на Република Македонија, бележени одделно, според активностите на одредени политички партии, а најчесто како пресек од расправата за предлог-законот за употребата на јазиците (*на пример: Собрание (ДУИ) / Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) / Собрание (Коалиција СДСМ)*), или, пак, преку извештаите чија тема беше укинувањето на радиодифузната такса, гласањето на законите за минимална плата и за стечајните работници.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Алсат-М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Експерти/аналитичари | 00:08:33 | 12,48 | % |
| Влада на РМ | 00:16:19 | 23,82 | % |
| СДСМ | 00:00:32 | 0,78 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:38 | 8,22 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:07 | 8,93 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:03 | 2,99 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:34 | 0,83 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:52 | 2,73 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:56 | 7,20 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:47 | 1,14 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:53 | 2,75 | % |
| Други субјекти | 00:05:29 | 8,00 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:01:04 | 1,56 % |
| ДИК и други органи | 00:00:31 | 0,75 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:49 | 5,57 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:10 | 2,48 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:11 | 3,19 % |
| Судство | 00:00:30 | 0,73 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:56 | 2,82 % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:13 | 0,32 % |
| Собрание на РМ | 00:01:00 | 1,46 % |
| Беса | 00:00:23 | 0,56 % |
| | **Вкупно: 01:08:30** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

Во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, ТВ Алсат М емитуваше едно премиерно издание на актуелно-информативната емисија „360 степени", кое за основна дебатна тема го имаше - „Владиниот план за поддршка на стопанството", а учествуваа: проф. д-р Ванчо Узунов, Христијан Делев, претставник на ВМРО ДПМНЕ, поранешен заменик-министер за економија, и Миле Бошков, претседател на Македонската бизнис-конфедерација. Дел од емисијата беше реализиран како интервју со Масимо Бордоњи, член на Европскиот фискален борд, а за теми ги имаше – осврт кон идејата за формирање македонски фискален совет, и постојната ситуација во ЕУ по т.н. „Брегзит" и по мигрантскиот бран од Блискиот Исток.

*Интервјуа*

На 19 септември, изданието на актуелно-информативната емисија „200", реализирано е како интервју со Никола Груевски, претседател на опозициската ВМРО ДПМНЕ. Тематската листа се однесуваше на – односот на Партијата кон медиумите и јавноста воопшто; перцепцијата на ВМРО ДПМНЕ за Албанците, и обратно; предлог-законот за употребата на јазиците; лична ретроспектива на Груевски кон блиската политичка историја на Република Македонија.

На 21 септември, во емисијата „Патот кон...", направено е интервју со Али Ахмети, претседателот на ДУИ, а беа опфатени областите: очекувања од Локалните избори; став за досегашната работа на Владата; коалицијата со СДСМ, и постојните преговори/договори за изборниот пристап кон Град Скопје и кон други скопски општини.

*Актуелно-информативни програми*

На 16, 17 и на 20 септември, емитувани се три дела од емисија со наслов: „Електрична енергија - вистината", во која преку документаристички пристап се разработени низа аспекти на прашањето за енергетскиот потенцијал на Република Македонија и за регулација на цената на електричната енергија.

Во овој период, двете премиерни изданија на актуелно-информативната емисија „360 степени", за основни теми ги имаа: - На 18 септември: колекторскиот (водоводниот и канализацискиот) систем на Охрид и на Струга, обработена преку плурален приказ ставови и гледишта за различни нивоа политичка одговорност на локалната самоуправа, и за (не)формалните граѓански реакции; политикантството околу т.н. „референдуми против мигранти"; „Вториот извештај на Прибе"; реакциите / обвинувањата на ВМРО ДПМНЕ за Драги Рашковски, генералниот секретар на Владата, дека спроведува непотизам; - На 22 септември: интервју со премиерот Зоран Заев, на теми - предлог-законот за употребата на јазиците; кадровската политика на Владата; контроверзите околу конфликтот на бизнис-интереси на актуелниот вице-премиер Анѓушев; варијантите на изборната соработка со ДУИ; новите перспективи пред Република Македонија по неодамна одржаното Генерално Собрание на ООН.

## ТВ АЛФА

### *Дневно-информативни емисии*

Анализата во петтиот извештаен период, од 16 до 24 септември 2017 година, опфаќа девет изданија од централните Вести на ТВ Алфа, емитувани секој ден од 17 часот и 30 минути, со вкупно времетраење од 3 часа 52 минути и 46 секунди.

Поголем дел од темите беа обработени низ информативните жанрови - вест, вест во низа, изјава, извештај, соопштение, но и преку неколку анализи и осврти (8 минути и 39 секунди). Во фокусот на Алфа-анализа емитувана во овој извештаен период беше темата „Кои се владините критериуми за вработување во институциите на системот".

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:47:32 | 20,42 | % |
| Граѓански сектор | 00:21:48 | 9,36 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:41:12 | 17,70 | % |
| ДИК и други органи | 00:06:27 | 2,77 | % |
| Други субјекти | 00:43:07 | 18,52 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:51 | 0,37 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:06 | 6,06 | % |
| Без субјекти | 00:07:24 | 3,18 | % |
| СДСМ | 00:04:07 | 1,77 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:01 | 0,43 | % |
| Беса | 00:00:30 | 0,21 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:12:47 | 5,49 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:47 | 3,77 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:02 | 1,73 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:55 | 2,97 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:59 | 1,71 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:25 | 1,04 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:37 | 0,27 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:37 | 0,27 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:23 | 1,45 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:10 | 0,50 | % |
| | **Вкупно: 03:52:46** | 100 | % |

Временски најзастапена во Вестите беше Владата (47 минути и 32 секунди). Во овој период, на внатрешно политички план актуелни беа отчетите на министерствата за работата во првите 100 дена на Владата. Беа емитувани извештаи од прес-конференциите на портпаролот на Владата, Миле Бошњаковски за работењето на претходната Влада, потоа, беше пренесен ставот на министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески за новиот рок за изградба на автопатот Кичево - Охрид и утврдените обврски за делницата Миладиновци – Штип, изјавата на министерката за образование, Рената Дескоска за истражување на УСАИД. Во актуелизираниот случај со фабриката „Санос", медиумот емитуваше неколку прилози во континуитет со ре-емитувана изјава на премиерот Зоран Заев од јули годинава. Се издвојуваат повеќе прилози во Вестите во 17 часот и 30 минути во кои медиумот се фокусира на темите поврзани со вицепремиерот во Владата, Кочо Анѓушев што коинцидира и со неколку пренесени реакции од опозициската ВМРО ДПМНЕ во кои се критикува неговата работа и се бара оставка од вицепремиерот. Во дел од прилозите беа пренесени ставови и изјави на вицепремиерот Кочо Анѓушев за тендерските постапки

и за состанокот со бизнисмените за владиниот економски план и отворањето на новиот погон на германската компанија „Акомпласт“ во слободната индустриска зона во Прилеп, а беше емитуван и прилог „Кочо Анѓушев заборавил да пријави дека има фирма во странство“ со вест дека вицепремиерот во Владата на РМ имал регистрирана фирма во Србија која не ја пријавил во имотниот лист. Изјавата на министерот за култура, Роберт Алаѓозовски беше емитувана во прилогот „По шарената инвазија на Министерството за култура, Алаѓозовски се правда дека вработени биле само двајца, десет биле со договор на дело“. Во оваа категорија се и прилозите од „црна хроника“ базирани на информации од МВР.

На надворешно-политички план, во неколку прилози последователно беше проследена посетата на премиерот Зоран Заев на Њујорк и учеството на Генералното Собрание на ОН, со акцентирање на средбата на Заев со претседателот на САД, Доналд Трамп. Телевизијата во неколку прилози во континуитет критички се осврна на информацијата од ПР службата на Владата дека премиерот ќе се сретне, а потоа и дека остварил средба со американскиот претседател на која било разговарано за неколку теми („Заев ќе се сретне со Доналд, ама не со Трамп“, „Средбата“ на премиерот Заев и претседателот Трамп траела цели 3 секунди“). Во извештаите од посетата на владината делегација на Њујорк, беше известено и за средбите на македонскиот министер за надворешни работи, Никола Димитров со неговиот грчки колега, Никос Коѕијас, и актуелизирана темата за промена на името. Средбата на Димитров со Коѕијас и со генералниот секретар на ОН, Антонио Гутереш во Њујорк беше проследена и со анализа на поранешниот дипломат, Ристо Никовски во прилогот „Раштимана дипломатија – дали се на повидок отстапки за државното име“.

Од билатералните средби, во централниот информативен блок на ТВ Алфа беше проследена средбата на министерката за одбрана, Радмила Шеќеринска со министерот за одбрана на Бугарија, Красимир Каракачанов во прилогот со наслов: „Едно е министер, друго е историчар: Бугарскиот ултранационалист и министер Красимир Каракачанов тактизираше во Скопје“.

Методолошката категорија „други субјекти“ во овој анализиран период во централните Вести на телевизијата е застапена со 43 минути и 7 секунди. Тоа се должи на широкиот дијапазон што го опфаќа оваа категорија во актуелните или во темите што ги актуелизираше телевизијата во овој период преку прилози во кои се појавуваат претставници на стопански комори, компании, универзитети, МАНУ, НБРМ, Фестивалот „Браќа Манаки“, новинари, кардиохирургот Жан Митрев, но и домашни и странски медиуми. Телевизијата во неколку прилози за средбата на министрите Димитров и Коѕијас и прашањето за промена на името, како извори ги посочуваше грчките медиуми. А, во актуелизирањето на темата поврзана со фабриката „Санос“, телевизијата во континуитет се повикуваше на пишувањето на порталот „Курир“.

И во овој петти извештаен период, според отстапениот простор во прилозите од вестите од политичките субјекти, доминантна беше застапеноста на ВМРО ДПМНЕ (со 41 минута и 12 секунди) во однос на другите партии. За споредба, речиси десет пати помал простор во вестите на ТВ Алфа во овој извештаен период доби СДСМ (4 минути и 7 секунди). Од политичките партии во централниот информативен блок застапени беа уште и ДУИ (1 минута и 1 секунда) и Беса (30 секунди). Во ова време не влегува одвоениот простор за пренесување на политичките ставови на партиите во рамките на Собранието, каде исто така, ВМРО ДПМНЕ (категоризирано како Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ)) имаше најголема застапеност. Медиумот и во овој извештаен период ја задржа практиката, во исто издание на вестите трансмисиски да пренесува и по неколку прес-конференции/изјави од ВМРО ДПМНЕ и партиски реакции за одредени актуелни или актуелизирани теми („ВМРО ДПМНЕ: ДИК не смее да подлегне на притисоците од СДСМ“, „ВМРО ДПМНЕ: Новата фирма на кумот на Рашковски е перална за државни пари“, „Стојановски: Рашковски треба кривично да одговара за испумпување пари од буџетот“, „ВМРО ДПМНЕ: Анѓушев да си поднесе оставка“, „ВМРО ДПМНЕ: Анѓушев признa дека неговата фирма ја блокирала Фени“, „ВМРО ДПМНЕ: Анѓушев крши закони за милионски профит“, „Јакимовска: Нова скандалозна зделка за нови милиони на Анѓушев“, „Стојановски: Ги повикуваме надлежните да отворат постапка за скандалот наречен „Санос„“, „ВМРО ДПМНЕ: Студентскиот стандард тоне во хаосот креиран од СДСМ“, „ВМРО

ДПМНЕ: Законот за амнестија покажува дека Зев е во паника", „ВМРО ДПМНЕ: Одлуката за референдумите е незаконска и скандалозна" и сл.).

Локалните избори во овој мониториран период, во централниот информативен блок беа присутни во прилози за активностите на ДИК, потпишувањето на Кодекс за фер избори, општите информации за отпочнувањето на кампањата, потврдувањето на кандидатите на избирачките листи, како и со извештај од Конвенцијата на ВМРО ДПМНЕ на која партијата ги претстави кандидатите за градоначалници, со директно обраќање на претседателот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски.

Од новинарските извештаи за расправите во Собранието на РМ, се издвојува расправата за предлог Законот за јазиците, најчесто со пренесување на спротивставените ставови на релација ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Во два извештаи од собраниската дебата на оваа тема телевизијата пренесе дискусија и на пратеници од ДУИ и од Алијансата на Албанците.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ АЛФА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:13:09 | 15,94 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:27 | 12,67 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:24:22 | 29,54 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:16 | 1,54 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:08 | 2,59 | % |
| Други субјекти | 00:12:52 | 15,60 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:03:52 | 4,69 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:01 | 4,87 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:01 | 1,23 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:33 | 5,52 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:46 | 2,14 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:01 | 1,23 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:18 | 0,36 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:50 | 1,01 | % |
| СДСМ | 00:00:26 | 0,53 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:28 | 0,57 | % |
| | **Вкупно: 01:22:30** | 100 | % |

Според времето за директни обраќања, и во овој период најмногу беше застапена опозициската ВМРО ДПМНЕ со 24 минути и 22 секунди или речиси една третина од вкупното време за директни обраќања, и со 4 минути и 33 секунди во директни обраќања од Собранието на Коалицијата ВМРО ДПМНЕ.

Од другите политички партии во директни обраќања се појави само СДСМ со 26 секунди. Во извештаите од Собранието за претставниците на Коалицијата СДСМ, беше одвоено 1 минута и 46 секунди, а 1 минута и 1 секунда добија пратениците од ДУИ.

***Посебни информативни емисии***

*Дебатни емисии*

Во овој извештаен период, беа емитувани две дебатни емисии, едно издание на дебатната емисија „60 минути со Горан Момировски" и едно премиерно и репризно издание на дебатната емисија „Ѕид".

Во емисијата „60 минути со Горан Момировски“ на тема - Законот за употреба на јазиците, гости беа членот на претседателството на Алијанса на Албанците, Шефик Дураку, пратеникот од СДСМ, Петар Атанасов и пратеникот од ВМРО ДПМНЕ и поранешен министер, Антонио Милошоски.

Гости во дебатната емисија „Ѕид“, премиерно емитувана на 21 септември, беа Здравко Савески од партијата Левица и поранешниот пратеник од ВМРО ДПМНЕ, Александар Пандов. Во емисијата беше отворена дебата на повеќе актуелни теми – изборните листи и очекувањата од претстојните локални избори, избирачкиот систем и позицијата на малите партии, референдумот против мигранти, средбите на македонскиот и на грчкиот министер за надворешни работи, Никола Димитров и Никос Коѕијас и разврската во спорот со името. Репризата на дебатната емисија „Ѕид“ беше емитувана на 23 септември.

***Други информативни програми***

На 22 септември на ТВ Алфа беше емитувано првото издание од новата сезона на Политичкиот магазин „Седмица“ со авторски осврт на уредникот на актуелни теми. Во ова издание на магазинот, авторот го изнесе своето видување за македонската надворешна политика и за средбата на премиерот Зоран Заев со претседателот на САД, Доналд Трамп, за време на посетата на Њујорк и учеството на Генералното Собрание на ОН, а потенцирана беше и улогата на фотограф на министерот за надворешни работи, Никола Димитров, проследено со видео-снимка од настанот. Во ова издание на Политичкиот магазин „Седмица“, втора тема беше македонската економија со мерките на новата Влада и најавеното повлекување на дел од странските инвеститори од Македонија.

***Други програми***

Во рамките на забавно-информативната емисија Алфа Скоп, во овој извештаен период, медиумот емитуваше по неколку информативни блокови со селектирани прилози кои се емитувани во изданијата на вестите од претходниот ден или прилози со актуелни настани кои потоа се дел од централните вести во тековниот ден.

## ТВ КАНАЛ 5

***Дневно-информативни емисии***

Со медиумската анализа спроведена од 16 до 24 септември 2017 година, период скратен за еден ден бидејќи од 25 септември, според Роковникот на Државната изборна комисија, започна официјалната изборна кампања за Локалните избори, беа опфатени вкупно 4 часа 46 минути - вести, извештаи и осврти на различни внатрешнополитички теми што, поради широката определба за поимот – „предизборие“, излегуваа од строгата рамка на партиските активности поврзани со изборниот процес.

Но, информирањето и другиот вид новинарски ангажман околу - Локалните избори, во посочениот период се сведе главно на завршните организациски работи што ги преземаа органите надлежни за реализација на изборниот процес. Оттука, во прв ред, извештаите за работата на - Државната изборна комисија, која, освен што во својот состав вклучи и член на политичката партија Беса, ја спроведе и ждрепката за редоследот на кандидатите испишани на гласачкото ливче, а беше и посредник за Кодексот за фер и демократски избори, потпишан од учесниците во изборната кампања. Во прилог на оваа тема, влегоа и експертските анализи, односно – политичките прогнози за можните изборни изненадувања, и оценките дали изборот на граѓаните се темели на квалитетна опсервација на политичката понуда или се изведува само по инерција. Преку поенти од интервју со Одри Гловер, шефицата на мониторинг мисијата на ОБСЕ ОДИХР, интервју преземено од Радио Слободна Европа, презентирани се и очекувањата на

меѓународната јавност. Во поширока, но сепак содржински асоцирана смисла, влегоа и прилозите (некои од нив и со уредувачки приоритет) за одлуката на Државниот инспекторат за локална самоправа, со која се прогласени за незаконски нејавените „референдуми против мигрантите", при што, преку интервју со Влатко Ѓорчев, беше проследен и ставот на опозициската ВМРО ДПМНЕ.

Владата е доминантниот субјект во статистиката за сумарната аналитичка тема насловена – „*Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*", односно - за владините економски политики, за отчетот на одредени министерства, за ангажманот во меѓународните организации и засилената дипломатска агенда околу преговорите за влез во ЕУ и во НАТО, како и за „ревизиите" од работењето на претходниот состав на извршната власт предводена од ВМРО ДПМНЕ – емитувани се вкупно, близу 1 ипол час, главно вести (во низа) и извештаи. Оттука најчесто и времето отстапено за критичките реакции на опозициската ВМРО ДПМНЕ (18 минути), но и релативно големото информативно време од – 45 минути, во кое, освен претставниците на бизнис-заедницата (стопански комори / фирми / индивидуални стопанственици), опфатена е и долга низа новинарски прилози за мошне различни општествени дејности, на пример: музикотерапевти, организатори и учесници на Пастрмајлијадата во Штип, алпинисти, адвокати и обвинети / осудени во судски процеси, Народниот правобранител, Народната банка, агенциите за испитување на јавното мислење, организаторот и учесници на Филмскиот фестивал „Браќа Манаки", но и освртите на ТВ Канал 5 за различни актуелни политички собитија.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Канал 5 | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| ДИК и други органи | 00:06:28 | 2,26 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:18:08 | 6,34 % |
| СДСМ | 00:08:02 | 2,81 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:48 | 0,63 % |
| Влада на РМ | 01:26:38 | 30,30 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:24:11 | 8,46 % |
| Без субјекти | 00:12:26 | 4,35 % |
| Други субјекти | 00:45:15 | 15,83 % |
| Граѓански сектор | 00:14:53 | 5,20 % |
| Јавно обвинителство | 00:02:44 | 0,96 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:23:18 | 8,15 % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:10 | 3,20 % |
| Локална самоуправа | 00:01:30 | 0,52 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:30 | 2,62 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:08:19 | 2,91 % |
| Судство | 00:01:56 | 0,67 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:25 | 0,50 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:12 | 1,12 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:41 | 0,24 % |
| Демократски сојуз | 00:00:26 | 0,15 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:51 | 1,00 % |
| Собрание на РМ | 00:02:00 | 0,70 % |
| Собрание (Беса) | 00:00:40 | 0,24 % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:30 | 0,17 % |
| Беса | 00:00:30 | 0,17 % |
| Претседател на РМ | 00:01:25 | 0,50 % |
| | **Вкупно: 04:45:54** | 100 % |

Од другите позначајни општествено-политички случувања, настани и теми, за истакнување се деталните, опширни извештаи од собраниската дебата за предлог-законот за употребата на јазиците, на која ТВ Канал 5 ѝ приоѓа прикажувајќи ги релевантните политички поенти на различни народни

претставници во Законодавниот дом. Споредбено со почетните периоди од изборниот процес, ТВ Канал 5 значително ги редуцираше прилозите за исклучивата, дуална полемика меѓу владејачката СДСМ и опозициската ВМРО ДПМНЕ, но сепак, и во кусите прилози со кои ги проследи завршните партиски подготовки пред стартот на изборните карвани, забележливо е мешање на вистинските адреси за партиска или за официјална владина реакција.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| Субјект | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:01:24 | 1,39 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:44 | 10,64 % |
| Влада на РМ | 00:31:19 | 31,05 % |
| Други субјекти | 00:13:38 | 13,52 % |
| Граѓански сектор | 00:07:42 | 7,63 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:26 | 6,38 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:09:54 | 9,81 % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:25 | 5,37 % |
| Локална самоуправа | 00:00:28 | 0,46 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:05 | 4,05 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:04:19 | 4,28 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:45 | 0,74 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:24 | 1,39 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:33 | 0,55 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:23 | 1,37 % |
| Собрание на РМ | 00:00:48 | 0,79 % |
| Собрание (Беса) | 00:00:19 | 0,31 % |
| Претседател на РМ | 00:00:16 | 0,26 % |
| | **Вкупно: 01:40:52** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На почетокот од новата сезона на „Само вистина", дебатната, актуелно-информативна емисија, премиерно се емитувани следниве соочувања: на тема – „*Подготовки и очекувања за локалните избори*", меѓу Христијан Мицковски, од ВМРО ДПМНЕ и Александар Кирацовски, претставник на СДСМ; на тема – „*Предлог-законот за употребата на јазиците*", меѓу Људмил Спасов, претставник на Советот за македонски јазик, и Гоце Цветановски, научен соработник при Институтот за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков"; на тема – „*Референдуми против мигрантите*", дебатираа аналитичарите Агим Јонуз и Цветин Чилиманов; на тема - „*Што може да се очекува од локалните избори, судено и според анкетите на јавното мислење*", се соочија Владимир Божиновски, од Институтот за политички истражувања, и Александар Кржаловски, директорот на МЦМС.

*Интервју*

Изданието на емисијата „Само вистина" од 22 септември 2017 година, беше реализирано како интервју со Дамјан Манчевски, министерот за информатичко општество и администрација.

### *Други програми*

Премиерните изданија на отвореното студио „Здраво Македонијо", во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, ги опфатија следниве актуелни општествено-политички теми:

- *Нови владини мерки за вработување;*
- *Декларација за фер и демократски избори;*
- *Имаат ли граѓаните доверба во македонската полиција?*
- *Анкета на ИРИ – расте оптимизмот за македонската евро-атлантска интеграција;*
- *Безбедност на патиштата;*
- *Имаат ли време кандидатите за градоначалници да ги слушнат барањата на граѓаните?*
- *Потребна ли е реформа на пензискиот систем?*
- *Ќе прифатат ли Заев и Груевски ТВ-дуел?*
- *Од кои причини странците најчесто доаѓаат и престојуваат во Македонија?*
- *Сѐ повеќе Македонци чекаат одобрение за бугарски пасоши.*

## ТВ СИТЕЛ

### *Дневно информативни емисии*

Последниот извештај од мониторингот на известувањето на ТВ Сител во предизборниот период (16-24 септември) се однесува на девет изданија на Дневникот во 19 часот и пет изданија на Бизнис вестите. Најчест жанр, меѓу анализираните прилози со вкупно траење од 3 часа 53 минути и 24 секунди, беше извештајот, а имаше и изјави, соопштенија, вести, еден осврт (1 минута и 49 секунди), како и повеќе интервјуа: со аналитичарот Петар Арсовски за тоа дали изборите ќе бидат пресметка меѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ; со Роберт Насков - продуцентот на новата серија на ТВ Сител „На терапија"; во пресрет на конвенцијата на ВМРО ДПМНЕ имаше разговор во живо со Спиро Ристовски претседателот на Изборниот штаб на ВМРО ДПМНЕ; во врска со прогласувањето ограничена епидемија на морбили - со епидемиологот Јованка Костовска; беше пренесен извадок од интервјуто на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски за ТВ Алсат-М, а ТВ Сител и самата со него реализираше интервју во живо во Дневникот 2.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Без субјекти | 00:05:59 | 2,56 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:33:51 | 14,50 | % |
| Граѓански сектор | 00:22:01 | 9,43 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:36:56 | 15,83 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:21 | 0,58 | % |
| СДСМ | 00:01:37 | 0,69 | % |
| Влада на РМ | 00:38:05 | 16,31 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:52 | 7,22 | % |
| Други субјекти | 00:37:37 | 16,12 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:30 | 0,21 | % |
| ДИК и други органи | 00:10:12 | 4,37 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:45 | 2,46 | % |
| Судство | 00:00:46 | 0,33 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:08:35 | 3,68 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:06:52 | 2,95 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (ДУИ) | 00:02:48 | 1,20 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:57 | 0,83 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:46 | 0,32 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:54 | 0,39 | % |
| | **Вкупно: 03:53:24** | **100** | **%** |

Најмногу време во централната дневно-информативна емисија имаше за ВМРО ДПМНЕ, чии дебати во Собранието и други изјави, соопштенија и активности беа покриени со вкупно 45 ипол минути (во ова време влегуваат и три од интервјуата - со Спиро Ристовски и двете со Никола Груевски). Всушност, известувањето за политичките партии и натаму остана фокусирано на ВМРО ДПМНЕ – на нивните активности и на трансмисија на нивните обвинувања кон Владата и кон владејачката СДСМ. Поретко беа пренесувани и реакциите на СДСМ која - за своите соопштенија (како форма преку која почесто комуницира со медиумите) и дискусиите во Парламентот доби - вкупно 8 ипол минути. Од другите партии, ДУИ (за собраниските расправи и конвенцијата за промовирање на градоначалничките кандидати доби 3 минути и 42 секунди, а ГРОМ и Беса имаат помали минутажи.

За Владата се известуваше во текот на 38 минути при што на полето на домашните активности, информациите се однесуваа на владината Декларација согласно која државните институции ќе гарантираат слободни и фер избори, средбата на вицепремиерот Бујар Османи со новиот постојан претставник на УСАИД во Македонија Дејвид Атебери, отчетот за првите 100 дена на власт на министерствата за земјоделство, шумарство и водостопанство, црната хроника, барањата на министерот за транспорт и врски Горан Сугарески за носење измени на закон со кои ќе се овозможи продолжување на рокот за изградба на автопатот Миладиновци – Штип, како и за законите кои се однесуваат на градежништвото, учеството на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски на втората Конференција за справување со верски екстремизам во Охрид, преразгледувањето на владиниот план за економски раст на Македонија на средбите со претставниците на странските институции и амбасадори, како и со македонскиот бизнис сектор и научната јавност, отворањето погон на германската компанија „Акомпласт" во слободната индустриска зона во Прилеп. На надворешно политички план, покриена беше средбата на македонската министерка за одбрана Радмила Шекеринска и нејзиниот бугарски колега Красимир Каракачанов, а редовно беше следено учеството на премиерот Зоран Заев и владината делегација на Генералното собрание на ОН, беше известено за повеќе билатерални средби што тој ги оствари во Њујорк (на пример со премиерот на Кралството Холандија Марк Руте, генералниот секретар на ОН Антонио Гутереш), обраќањето на премиерот на Генералното Собрание.

Сител во повеќе наврати се осврна на изјавите, кои доаѓаа од Њујорк, а беа во врска со можностите за решавање на проблемот меѓу Македонија и Грција во врска со името на нашата земја. Во овој контекст беа прилозите за изјавата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас по средбата со генералниот секретар на ОН Антонио Гутереш, како и на брифингот за новинарите на крајот од целиот настан, потоа за средбата на двајцата министри за надворешни работи Никола Димитров и Коѕијас заедно со медијаторот Метју Нимиц и негативните реакции од пратеникот на грчката Неа демократија Јоргос Комуцакос, а пренесено беше и интервју на Метју Нимиц за агенцијата ИБНА.

По повод прогласувањето епидемија на морбили во Гази Баба, беше известувано во низа при што акцент беше ставен на потребата да не се избегнува вакцинирањето, а кон поголемата временска застапеност на органите на државната управа (од безмалку 34 минути) придонесува и интервјуто на оваа тема со епидемиологот Јованка Костовска.

Расправите за законот за зголемување на минималната плата, за укинување на радиодифузната такса, за обезбедувањето надоместок за стечајните работници, предлог-законот за употребата на јазиците, замената на членот на ДИК од ДПА со претставник од Беса – беа темите на кои се однесуваа извештаите од Собранието.

За Локалните избори беше известувано преку информациите од и за ДИК во поглед на исполнувањето на обврските за организирање на изборите, имаше проширена информација за резултатите од ждрепката за бројот што кандидатите ќе го имаат на гласачките ливчиња, беше известено за потпишувањето на Кодексот за фер и демократски избори од страна на градоначалничките кандидати, за конвенциите на кои своите градоначалнички кандидати ги претставија ВМРО ДПМНЕ и ДУИ. Информации за ДИК имаше и во врска со референдумот во Ново село за или против изградба на рудници, како и во прилогот за тоа дека Државниот инспекторат за локална самоуправа ги запрел општинските референдуми за мигрантите и побарал Уставниот суд да се произнесе дали локалната самоуправа е надлежна за вакво прашање.

Во Бизнис вестите беше известувано за активностите на власта во економскиот живот на земјата и за ставовите и барањата на стопанските комори, компаниите, граѓанскиот сектор, синдикатите, критиките од опозициската ВМРО ДПМНЕ.

Позначајно присуство во вестите имаа различните субјекти кои влегуваат во разнородната методолошка категорија „други субјекти", какви што се компаниите (на пример Фени) и стопанските комори. Другите субјекти неретко се појавуваат во прилозите со локални теми, социјални теми и теми од поширок интерес за јавноста какви што се сториите за: животот на егзистенцијалниот раб на прилепчанката која на 12 години се омажила и на 34 години има 12 деца; подобрувањето на услугите во пунктот за бездомници во скопски Момин Поток; донацијата од Фондација Гаус институт и од Канцеларијата на НАТО во Македонија за Сојузот за слепи лица Битола; фактот што екстремно високите температури го намалија приносот на пиперката; новоста дека охридскиот Чинар ќе стане споменик на природата; пожарот на Плетвар; сè поголемата популарност на планинарењето во Македонија; за гостиварците кои се затруле со шумски плодови од растението Беладона; прекините во водоснабдувањето во Ново Лисиче и Аеродром; новиот рок за поставување филтри во Југохром; најавата за Скопје трча 10 километри; успехот на 15-годишниот Даријан Шеќеров кој изработил апликација со која децата со аутизам можат полесно да комуницираат со своите семејства при што се поставува прашањето дали државата се грижи доволно за сопствените генијалци или ќе дозволи да заминат; за ситуацијата во О.У Братство и Единство – Охрид, откако директорот им забранил на две сестри да доаѓаат на настава со превез на лицето; штетите на сточар од село Ветерско, откако овците му биле нападнати од диви животни; тешкиот живот на син и мајка од охридско Велгошти; барањата на лекарите и на граѓанските здруженија за измени во законите од сферата на здравството за да се подобри состојбата на луѓето болни од Алцхајмер, за заболените од ретки болести, за полесно снабдување со лекови за лицата со леукемија; проблемот со струшката депонија; информацијата дека дел од триесетина првачиња во Штип почнале подоцна да го посетуваат првото одделение од социјални причини; одржувањето на третата Шопска свадба; одбележувањето на верскиот празник Мала богородица во манастирот Воведение на Пресвета Богородица Елеуса во Вељуса; прогласувањето на Архимандритот Јоаникиј од Ракотинци за светец итн.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Сител | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Граѓански сектор | 00:08:43 | 10,29 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:22:20 | 26,35 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:11 | 1,40 | % |
| Влада на РМ | 00:08:47 | 10,36 | % |
| Други субјекти | 00:12:26 | 14,67 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:18 | 0,35 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:03:43 | 4,39 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:49 | 3,32 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:36 | 0,71 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:11:04 | 13,06 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:57 | 7,02 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:43 | 4,39 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:57 | 1,12 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:17 | 1,51 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:14 | 0,28 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:40 | 0,79 | % |
| | **Вкупно: 01:24:45** | **100** | **%** |

Најдолготрајни (нешто над 22 минути) се директните обраќања на ВМРО ДПМНЕ што се должи и на трите интервјуа со нивните претставници. Повеќе од 10 минути директни обраќања на различни теми има кај „другите субјекти“ и кај „органите на државната управа/јавните претпријатија/јавните установи“.

***Други програми***

*Ја сакам Македонија (На дневен ред)*

*На дневен ред* се вика делот од утринската контактна програма *Ја сакам Македонија*, во кој гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми:

На 18 септември 2017 година, имаше слободна тема – отворени телефони.

На 19 септември 2017 година, беше направена репортажа за градот Дебар.

На 20 септември 2017 година: *Брзата помош во Скопје преполовена! Добар дел од граѓаните со лажни повици кои не се итни! Како сте задоволни од итната помош?* и *Владата го укина плаќањето на Радиодифузната такса, ќе се подобри ли со оваа мерка стандардот на граѓаните?*

На 21 септември 2017: *Нови 53.000 Македонци чекаат да земат бугарски пасоши* и *Студентите во домовите останаа без појадок. За иста цена ќе добиваат само ручек и вечера.*

На 22 септември 2017, Ја сакам Македонија - репортажа од Битола.

## ТВ ТЕЛМА

***Дневно-информативни емисии***

Последниот извештај од мониторингот на известувањето во предизборниот период се однесува на девет изданија на Дневникот на ТВ Телма од 18 часот и 30 минути, емитувани во деновите од 16 до 24 септември 2017 година. Жанровски преовладуваат извештаите, но има и вести, соопштенија, изјави, интервјуа - едно сопствено со евроамбасадорот во Македонија Самуел Жбогар, а друго, со Одри Гловер, шефица на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР, преземено од Радио Слободна Европа. Вкупно беа анализирани 4 часа 13 минути и 43 секунди од емитуваните прилози.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:47 | 6,62 | % |
| Други субјекти | 00:41:34 | 16,38 | % |
| Влада на РМ | 00:53:20 | 21,02 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:25:30 | 10,05 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:44 | 3,84 | % |
| Граѓански сектор | 00:25:00 | 9,86 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:22 | 2,12 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:15 | 0,89 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Без субјекти | 00:11:28 | 4,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:22:29 | 8,86 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:30 | 2,17 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:56 | 1,16 | % |
| Судство | 00:11:49 | 4,66 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:31 | 0,99 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:24 | 2,52 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:41 | 1,45 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:46 | 0,70 | % |
| Беса | 00:01:18 | 0,51 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:32 | 1,39 | % |
| СДСМ | 00:00:46 | 0,31 | % |
| | **Вкупно: 04:13:43** | **100** | **%** |

По временска застапеност во вестите (со околу 53 минути) прва е Владата, кај која во овој период актуелни беа отчетите за сработеното во првите 100 дена на министерствата за: финансии (на што во истиот прилог е сопоставен експертски став, а потоа е пренесена и критиката од ВМРО ДПМНЕ), за култура, за правда, за здравство, средбите во Владата на кои економската политика и мерките за развој беа преразгледани од страна на странските амбасадори и претставниците на меѓународните организации, како и од домашните компании, комори и експерти. Информирано беше и за потребата од носење закон за да се овозможи изградбата на автопатски делници, разрешувањето на Тони Јакимовски, обвинет од СЈО во случајот „Таргет", од позицијата директор на регионалната организација за борба со организиран криминал и корупција СЕЛЕК, заложбите за развој на обновливите извори на енергија, проблемот околу истекувањето на здравствените картички поради што некои лекари не можат да регистрираат нови пациенти, информациите од МВР за барањето за меѓународна истрага за случајот Диво Населе, за покренување истрага за градоначалникот на Битола Владимир Талески поради злоупотреба на должноста, за црната хроника. На надворешно политички план, најзначајниот настан беше учеството на премиерот Зоран Заев и владина делегација на Генералното собрание на ОН, средбите што ги оствариja таму, како и обраќањето на премиерот на панел дискусија и на Генералното собрание на ОН. Информирано беше и за средбата на министрите за одбрана на Македонија – Радмила Шекеринска и на Бугарија – Красимир Каракачанов, при неговата посета на Скопје.

Следна по присуството во прилозите е многу хетерогената методолошка категоријата „други субјекти", што е резултат на низа прилози на различни теми, особено оние следени во низа. Имено, ТВ Телма ја отвори и ја следеше темата за обидот за непријателско преземање на „Макпетрол" за што компанијата ќе бара одговорност од надлежните институции. На оваа тема имаше и реакција од Стопанска банка Битола и од Комисијата за хартии од вредност која беше прозвана од „Макпетрол" дека не реагирала соодветно.

Уште една тема од економијата, следена низ неколку прилози, беше блокадата на сметките на ФЕНИ, при што публиката беше информирана со ставовите на компанијата, на министри од Владата, на ВМРО ДПМНЕ, на банките кои ја блокирале сметката, на компанијата на министерот Кочо Анѓушев, која ВМРО ДПМНЕ првично ја посочи како причина за блокирање на сметките.

Телма продолжи да известува и за локални теми. Публиката доби информации за тоа дека Охридскиот чинар ќе биде прогласен за споменик на културата, за одржувањето на Пастрмајлијадата во Штип, референдумот во Ново Село за или против отворање рудници во околината, обновата на кулата на Титов Врв, за маката на сточар од селото Живојно кому волк му уништил дел од стадото овци, за традиционалната акција за чистење на дното на Охридското Езеро, за податокот дека во Источна Македонија дел од првачињата нема да тргнат навреме в училиште зашто, заедно со нивните родители се на сезонска работа, за манифестацијата „Ден на гравот" и потребата да се заштити традиционалниот тетовски грав, за одолговлекувањето на реконструкцијата на тротоарите во пешачката зона во центарот на

Тетово, за дефект на водоводната мрежа во Ново Лисиче и Аеродром. Имаше и информации од пошироко значење – за пожарите на патот близу Прилеп и во Националниот парк Пелистер, потребата да се дозволи трансплантација на срце во Македонија, активности на организациите на лицата со различни болести кои бараат решавање на своите проблеми, Маршот за чист воздух во Скопје, собирањето потписи за иницијативата за 18-месечно породилно отсуство, вмрежувањето на производители на органска храна итн. Од културата беше информирано за мини фестивалот на режисерот Иван Поповски - „Иван се враќа дома“ во МНТ, за тоа дека новиот директор на МНТ Драган Спасов побарал ревизија на работењето поради затекнатите долгови, како и за 38-то издание на Фестивалот на филмската камера „Браќа Манаки“ и промоцијата на книга од Отец Пимен. На дел од овие прилози се должи и времето од 25 минути за граѓанскиот сектор.

Во Табела 1, меѓу другото, е прикажано и временското присуство на политичките партии во вестите. Активноста на парламентарните партии беше следена пред сè преку нивната работа во Собранието, односно при расправите/усвојувањето на законот за зголемување на минималната плата, за стечајците и за укинување на радиодифузната такса и при пленарната расправа за предлог-законот за јазиците. Од вонпарламентарните активности, најмногу време има за ВМРО ДПМНЕ чии реакции беа пренесувани во рамките на прилозите за повеќе теми, а има и информација за карванот на Иницијативата за реформи на ВМРО ДПМНЕ. Партиите беа присутни и во делот на информирањето за Локалните избори. Имено, на оваа тема, освен за реализирањето на законските активности на ДИК, вклучувајќи го и потпишувањето на Кодексот за фер и демократски избори, имаше и информации за настаните на кои некои од партиите ги презентираа своите кандидати пред почетокот на изборната кампања.

Во овој извештаен период во низа беше следен развојот на ситуацијата во врска со иницијативите на неколку општини за распишување референдуми против мигрантите, при што беше пренесен повикот од ВМРО ДПМНЕ до ДИК да ги распише општинските референдуми против мигрантите, и ставот на Министерството за локална самоуправа за тоа дека надлежен е Државниот инспекторат за локална самоуправа кој пак, одлучи дека Уставниот суд треба да утврди дали ова прашање е во надлежност на општините и дека референдумите не може да се одржат на истиот ден со изборите.

Телма продолжи да ја следи состојбата во судството, овојпат преку ставовите на експерти за препораките за судството во Вториот извештај на експертската група предводена од Рајнхард Прибе, можноста преку реформите во судството да се преразгледаат процеси за кои постои сомневање дека биле политички монтирани, реакциите на претседателот на Судскиот совет на извештајот на Прибе. Освен ова, имаше редовно информации и за активностите и одлуките на судовите и обвинителствата за актуелни случаи и прашања.

Во неколку прилози се говореше за ниското производство на струја при што беа спротивставени ставовите на сегашното и поранешното раководство на ЕЛЕМ и експертски ставови.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Телма | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:05:08 | 5,96 | % |
| Други субјекти | 00:13:06 | 15,21 | % |
| Влада на РМ | 00:17:21 | 20,14 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:49 | 4,43 | % |
| Граѓански сектор | 00:10:44 | 12,46 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:03 | 1,22 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:06:30 | 7,54 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:16 | 1,47 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:15:43 | 18,24 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:10 | 4,84 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:29 | 2,88 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Судство | 00:00:32 | 0,62 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:45 | 0,87 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:28 | 0,54 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:24 | 1,63 | % |
| Беса | 00:00:09 | 0,17 | % |
| СДСМ | 00:00:40 | 0,77 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:52 | 1,01 | % |
| | **Вкупно: 01:26:09** | **100** | **%** |

Соодветно на темите и начинот на известување, најприсутни во директните обраќања се Владата, странските политичари, амбасадори, претставници на меѓународни организации, другите субјекти и граѓанскиот сектор.

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

Вториот дел од Топ тема со Александар Чомовски, емитуван на 19.09.2017, продолжува со истата тема, која беше загатната во претходниот дел реализиран како интервју, но во друг формат. За реформите на правосудниот систем во државата и политичкиот прогон, овој пат дебатата се одвиваше помеѓу Слободан Богоевски, поранешен директор на ДБК и член на граѓанско здружение за заштита на првата на неправедно осудените лица и Петро Јанура, адвокат.

На 20 септември „Топ тема на Ваша страна" беше реализирана на темата: лажни вести. Беше емитуван снимен прилог со Фабрис Д`Алмеида професор на Универзитетот Париз 2 и на ЕСРА и со Марина Тунева, извршна директорка на Советот за етика во медиумите. Во студиото дебатираа гостите: Коста Петров, ангажиран во Министерството за здравство, претставен како ПР експерт, Мирче Адамчевски од Советот за етика во медиумите и Петар Лазаров, консултант за менаџмент и комуникации.

Топ тема со Оливера Трајковска која се емитуваше на 21 септември беше на темата: Започнување на кампањата за локалните избори. Како подлошка за дискусијата, во која учествуваат Имер Селмани, поранешен министер и градоначалник и Ѓорѓи Спасов, универзитетски професор, послужија наводите дека „на кампањата ќе се слушне сѐ, а само 18 проценти од Македонија се со канализациска мрежа" и оти БИРН ги проверила буџетите на општините и дошла до интересни заклучоци.

Топ тема на ваша страна со Сања Васиќ се реализираше на темата: „Родовата еднаквост". Дебатираа: Јордан Шишовски, истражувач, Ѓулистана Марковска, поранешна пратеничка, Мирјана Најчевска, експертка за човекови права и Лура Положани, политиколог.

*Интервјуа*

Во „Топ тема на ваша страна" со Боби Христов на 18 септември беше реализирано групно интервју со вицепремиерот Кочо Анѓушев на жешкото столче. Прашања поставуваа: Благица Петрески од Фајнанс Тинк, Горан Теменугов, новинар и Виолета Зајкова, новинарка.

Првиот дел од Топ тема со Александар Чомовски емитувана на 19 септември е интервју со Емел Рамковска, ќерка на Велија Рамковски и менаџерка на А1 Телевизија, која зборуваше за тортурата низ која поминала за време на шесте години затворска казна што ја издржала како една од осудените во случајот „Пајажина".

## КАБЕЛСКИ ТВ

### ТВ 21 – М

***Дневно-информативни емисии***

Деветдневниот извештаен период (од 16 до 24 септември) се однесува на исто толку изданија на централната дневно-информативна емисија на ТВ 21 М. Со анализата се опфатени Вестите емитувани во 18 часот и 30 минути (*21 Live news / Magazine informative*). Вкупното времетраење на анализираните прилози е 3 часа, 23 минути и 20 секунди. Жанровски настаните се пренесени преку вести, вести во низа, извештаи, како и извештаи со коментаторски елементи.

Во извештајниот период доминираат прилозите посветени на две теми: предизборните активности на политичките партии, но и на други субјекти (ДИК, Владата, невладиниот сектор, меѓународниот фактор) насочени кон претстојните Локални избори и прилозите коишто се однесуваат на собраниската расправа за Законот за употреба на јазиците.

Во врска со предизборните активности, медиумот информира за партиските активности во општините кадешто партиите на Албанците имаат најголеми шанси да ги освојат градоначалничките места, а информациите се однесуваат пред се на најголемите партии од албанскиот и од македонскиот политички блок. Во врска со претстојниот изборен процес медиумот ги пренесува информациите што доаѓаат од ДИК (жрепката во ДИК за редоследот во изборното ливче, промените во составот на ДИК, потпишување кодекс за фер избори, подготвеноста на Комисијата за спроведување на изборите), активностите на Владата за одржување фер и демократски избори. Информира и за подготвителните активности на меѓународниот фактор што ќе го следи изборниот процес.

Собранието е присутно преку расправите за предлог законите за минимална плата, за употребата на јазиците, за стечајците и за укинување на радиодифузната такса. Пренесени се ставовите на главните политички чинители во Собранието, во табелата претставени како Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ), Собрание (Коалиција СДСМ), Собрание (ДУИ), Собрание (Беса), Собрание (ДПА-ДР).

Гледано според одвоеното време во анализираните прилози, повторно најголема застапеност како субјект во вестите на ТВ 21 М има Владата (27 минути и 32 секунди). Прилозите од сферата на економско-социјалните активности на Владата може да се рече придонесуваат најмногу за нејзината застапеност во вестите. Медиумот информира за владините активности (изјави, прес-конференции, средби) поврзани со: средствата потрошени за привлекување на странски инвеститори од страна на претходната Влада, отчетот за првите 100 дена, подобрување на условите во АРМ, барањето на Владата до институциите да гарантираат слободни и фер избори, тековните активности на министерствата за економија и за труд и социјална политика, учеството на Премиерот Зоран Заев во Њујорк, на заседанието на ООН, пуштањето во употреба на новата прес-сала на Владата, активностите околу патот Миладиновци – Штип, новите измени на урбнистичките планови и полесното добивање согласност за градба, извинувањето на Премиерот Заев дека не се сретнал со Трамп, приведувањето на Игор Југ, одлука за суспендираните полицајци, нацрт-стратегијата за реформи во судството и др.

Медиумот извести и за средбите на владините претставници со: министерот за одбрана на Бугарија, Красимир Каракачанов и со министерот за надворешни работи на Грција, Никос Коѕијас.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 21 - М | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | % |
| Без субјекти | 00:21:45 | 10.70 % |
| Влада на РМ | 00:55:33 | 27.32 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:24 | 5.12 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:54 | 6.84 % |
| Граѓански сектор | 00:18:53 | 9.28 % |
| ДИК и други органи | 00:07:04 | 3.47 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:05:50 | 2.87 | % |
| Други субјекти | 00:16:56 | 8.33 | % |
| Судство | 00:05:03 | 2.48 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:26 | 1.69 | % |
| Локална самоуправа (ДПА) | 00:00:59 | 0.48 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:51 | 2.39 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:25 | 1.19 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:05:09 | 2.53 | % |
| СДСМ | 00:04:36 | 2.26 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:17 | 1.62 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:25 | 1.19 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:07 | 3.99 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:43 | 1.34 | % |
| Беса | 00:02:13 | 1.09 | % |
| Собрание (Беса) | 00:01:00 | 0.50 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:38 | 0.31 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:29 | 0.24 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:29 | 0.24 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:57 | 0.47 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:55 | 0.45 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:02:47 | 1.37 | % |
| ТМРО | 00:00:28 | 0.23 | % |
| | **Вкупно: 03:23:20** | 100 | % |

Второзастапен субјект, според одвоеното време во вестите на телевизијата, и во овој извештаен период е категоријата „без субјекти", поради практиката во вестите да одвојува простор и за обичниот граѓанин, известувајќи најчесто за проблемите со кои се соочува во секојдневниот живот преку репортажите со социјална тематика. Во овој петти по ред (овој пат) деветдневен извештаен период ги пренесува сториите за: основното училиште во Рахович, скопско, каде што нема елементарни услови за настава, активностите по повод Европската недела на движење без автомобили, проблемите со водоснабдувањето на жителите на скопското село Долно Количане, новата куќа за семејството Зимбери, езанот во Свиларе, враќањето на девојките со шамија во ОУ „Братство-единство" во Охрид, дали се безбедни децата во градинка, активностите на Општина Чаир по повод „Денот на мирот", немањето настава на албански јазик во Музичкото училиште во Куманово, парадата со велосипеди за чист воздух, проблемите на децата во село Орланце и др.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ 21 - М | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:13:16 | 29.35 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:47 | 3.95 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:51 | 12.94 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:27 | 3.21 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:07 | 6.90 | % |
| Други субјекти | 00:03:35 | 7.93 | % |
| Локална самоуправа (ДПА) | 00:00:27 | 1.00 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:02 | 2.29 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:02 | 6.71 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:01:29 | 3.28 | % |
| СДСМ | 00:01:34 | 3.47 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:15 | 2.77 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:28 | 3.24 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:01:25 | 3.13 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:07 | 2.47 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:36 | 1.33 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:23 | 0.85 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:24 | 0.88 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:13 | 0.48 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:24 | 0.88 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:19 | 0.70 | % |
| Беса | 00:00:13 | 0.48 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:00:17 | 0.63 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:20 | 0.74 | % |
| ТМРО | 00:00:11 | 0.41 | % |
| | **Вкупно: 00:45:12** | 100 | % |

Од вкупно 45 минути и 12 секунди директни обраќања на субјектите во вестите на телевизијата, за директните обраќања на владините претставници се одвоени 13 минути и 16 секунди, што ја прави и во овој сегмент временски најприсутна.

***Посебни информативни емисии***

*Друга информативна програма*

Емитувани се пет изданија на информативната емисија „10 минути" во рамки на петтиот извештаен период. Редоследно, тие десет минути од насловот на емисијата, беа посветени на: пресот на министерот за култура, Роберт Алаѓозовски, каде што дава отчет на Министерството за култура за првите 100 дена, пресот на министерот Бујар Османи за 100-те дена надворешна политика на Владата, препукувањата во Собранието помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ во врска со Законот за јазиците, дискусиите во Собранието во врска со Законот за јазиците на Антонио Милошоски од ВМРО ДПМНЕ, Артан Груби од ДУИ, Фросина Ременски од СДСМ, Фадил Зендели од Беса и Ејуп Халими од ДУИ.

Емитувани се и четири изданија на информативната емисија „Клик Плус" (и нивна реприза) во рамки на петтиот извештаен период. Интересно е што сите се снимени надвор од студио со учество на жители од населените места каде што се снимаат (преку прашања за дискутантите). Редоследно, во нив дебатираа следниве гости, на следниве теми:

- „Клик Плус", со Фатмир Алиу. Гости: Мухамед Зекири, потпретседател на СДСМ; Алајдин Демири и Насер Зибери - аналитичари/експерти. Тема: Локалните избори 2017 година-старо/новите ветувања на СДСМ кон Албанците итн.
- „Клик Плус", со Агрон Врангала. Дебатираа за Локалните избори: Луан Треси, ДПА; Арбер Адеми, ДУИ; Абдулкадер Исаку, РДК (Коалиција за Албанците, со Унитети); Наим Бајрами, ДПА-ДР (Алијанса за Албанците, со Зијадин Села); Фатон Фазлиу, Беса.
- „Клик Плус", со Билјана Георгиевска. Дебатна емисија, на тема: Како гласаат младите? Со своја или со „партиска" глава на изборите? Гости: Деа Здравковска (Студентски пленум), Александра Филипова (МОФ), Наим Иљази (Национален младински совет на Македонија).
- „Клик Плус", со Иле Петревски. Дебатна емисија со аналитичарите: Владимир Божиновски, Петар Арсовски, Газменд Ајдини и Златко Димитриовски, на тема: Локални избори 2017 година.

## ТВ АРТ ЧАННЕЛ

### *Дневно-информативни емисии*

Од деветте анализирани изданија на централната дневно-информативна емисија емитувана во 18 часот и 45 минути, во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, евидентирани се вкупно 2 часа 53 минути и 46 секунди, новинарски прилози обмислени главно преку основните информативни жанрови, но, за различни актуелни теми од општественото и од политичкото секојдневние ТВ Арт Чаннел понуди и широк спектар експертски мислења.

Медиумот редовно известуваше за формалните обврски на Државната изборна комисија, како надлежен орган што ја врамува и ја спроведува изборната процедура, па оттаму и извештаите за: изборот на Ермира Асани, предложена од Беса, за нов член на Комисијата, извлекување ждрепка за редоследот на кандидатите на гласачкото ливче, назначувањето членови на ОИК, потпишувањето на Кодексот за фер и демократски избори. Формалните рамки на изборниот процес беа проширени преку експертските ставови за неколку аспекти – најавеното коалицирање, како пресуден фактор во стратегијата за победа на изборите, потоа - дилеми околу релевантноста на политичката понуда што би го спречила евидентниот одлив на младо работоспособно население од локалните самоуправни единици, но и малиот број нови лица меѓу кандидатите за градоначалници. Во оваа насока беа пренесени и поенти од дебатната емисија „Зиг-заг", реализирана на иста основна тема. Инаку, мотивот за ваквите експертски размислувања ТВ Арт Чаннел го лоцираше пред сè во најавената коалициска стратегија на СДСМ и на ДУИ за изборен настап во Скопје и некои скопски општини, како и во пристапот на албанските партии во општини од Западна Македонија. При сето ова, Телевизијата во неколку наврати ги потенцираше различните ставови на ДУИ и на Беса, најнапред во однос на индикациите за разбивање на кохезивноста на албанското гласачко тело.

Тематски одделно од „локалните избори" како основен предмет на мониторингот, вестите и извештаите за активностите на Владата, сочинуваат доминантен дел од централниот ТВ Дневник, а во анализираниот период се однесуваа на: учеството на премиерот Заев и владина делегација на Генералното Собрание на ООН, средбите со претставници на меѓународната заедница што одат во прилог на отворање нови перспективи во евро-атлантските аспирации на Република Македонија, потоа билатералната соработка со балканските соседи, како и отчетот на одредени министерства по стоте дена од работењето на Владата. Во овие контекстуални рамки е бележено и времето за ставката - „амбасадори / меѓународни организации / странски политичари".

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Арт Чаннел | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:41:42 | 24,00 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:32 | 3,76 | % |
| Беса | 00:02:56 | 1,69 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:06 | 1,78 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:01:33 | 0,89 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:01 | 3,46 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:18:57 | 10,90 | % |
| СДСМ | 00:04:39 | 2,67 | % |
| Други субјекти | 00:17:52 | 10,29 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:19:36 | 11,27 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:41 | 1,55 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:33 | 7,22 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:07 | 2,37 | % |
| Без субјекти | 00:08:05 | 4,65 | % |
| Судство | 00:00:36 | 0,34 | % |
| ДИК и други органи | 00:07:29 | 4,31 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:12 | 1,84 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:59 | 0,57 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:17 | 1,89 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:42 | 0,98 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:18 | 1,33 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:01:33 | 0,89 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:01:04 | 0,62 | % |
| Собрание (Беса) | 00:01:04 | 0,62 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:12 | 0,11 | % |
| | **Вкупно: 02:53:46** | **100** | **%** |

Ако се погледне збирно, времето од новинарските извештаи за поединечните партиски активности во Собранието на Република Македонија (што како посебна ставка – „Собрание на РМ", пак, е отстапено за медијаторските искази на спикерот Џафери), бележени со предзнак – „Собрание", ќе се укаже на забележлив новинарски ангажман да се прикаже колку што е можно пообјективна слика од собраниските расправи за предлог-законот за употребата на јазиците, но и за донесувањето на законите - за минимална плата и за стечајните работници, како и на одлуката за укинување на радиодифузната такса.

Споменатите прикази на експертски осврти кон различни општествено-политички теми, ги опфатија и потребните реформи во судскиот систем (*тема посебно нагласена по т.н. „Втор извештај на Прибе"*), и „политичкиот профит" од повеќедимензионалната (*институционална / меѓуетничка / идеолошка / предизборна*) расправа за предлог-законот за употребата на јазиците. Во релативно големото време отстапено за категоријата – „други субјекти", влегоа: најчесто - адвокати и обвинети/осудени во судски процеси (*„Сопот" / „Диво населе"*), а потоа - агенции за истражување на јавното мислење, Народната банка и локални филијали на агенции за одредување кредитни рејтинзи.

***<u>Табела 2: Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Арт Чаннел | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:11 | 4,28 | % |
| Влада на РМ | 00:13:02 | 25,55 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:03 | 19,70 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:22 | 10,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:00:33 | 1,08 | % |
| СДСМ | 00:00:39 | 1,27 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:41 | 1,34 | % |
| Други субјекти | 00:03:04 | 6,01 | % |
| Без субјекти | 00:00:40 | 1,31 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:31 | 2,97 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:20 | 8,49 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:27 | 0,88 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:02:29 | 4,87 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:40 | 3,27 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:00:25 | 0,82 | % |
| Собрание (ДПА-ДР) | 00:00:35 | 1,14 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:35 | 1,14 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:26 | 0,85 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:39 | 1,27 | % |
| Беса | 00:00:26 | 0,85 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:13 | 2,38 | % |
| | **Вкупно: 00:51:01** | **100** | **%** |

***Посебни информативни емисии***

*Дебати*

На 21 септември 2017 година, емитувано е издание на емисијата „Зиг-заг", реализирано како предизборна дебата меѓу: Арбр Адеми, од ДУИ, Митасим Беќири, од ДПА, Емад Мехмети, од Беса, и Флакрон Беџети, од Алијансата за Албанците.

## ТВ НОВА

***Дневно-информативни емисии***

Во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, беа анализирани вкупно 3 часа 35 минути и 53 секунди од прилозите емитувани во Обсервер и Дневен бриф на ТВ Нова во 19 часот. Станува збор за извештаи, вести, изјави, интервјуа (три се сопствени - со проф. Драги Димитриевски, кој ја преразгледува владината политика за субвенционирање, со проф. Тања Каракамишева, за предлог-законот за јазиците, со д-р Виктор Камилоски за современа операција за роботизирање рамо, и пренесен е дел од интервју на претседателот на опозициската ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски дадено за ТВ Алсат-М), има анализи преку разговори со новинарите во студиото и осврти/коментари (10 минути и 51 секунда).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:30:04 | 13,93 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:35:07 | 16,27 | % |
| Влада на РМ | 00:52:55 | 24,51 | % |
| ДИК и други органи | 00:14:08 | 6,55 | % |
| СДСМ | 00:01:19 | 0,61 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:12 | 0,56 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:14 | 3,81 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:17 | 4,76 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:14:10 | 6,56 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:11:42 | 5,42 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:09:10 | 4,25 | % |
| Без субјекти | 00:08:20 | 3,86 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:22 | 0,17 | % |
| Судство | 00:00:22 | 0,17 | % |
| Собрание на РМ | 00:04:08 | 1,91 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:02:32 | 1,17 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:08:48 | 4,08 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:35 | 0,27 | % |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 00:00:35 | 0,27 | % |
| Беса | 00:00:35 | 0,27 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:47 | 0,36 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:29 | 0,22 | % |
| | **Вкупно: 03:35:53** | **100** | **%** |

Временски најзастапена беше Владата (речиси 53 минути). На внатрешно-политички план, актуелни беа информациите за отчетите на министерствата за земјоделство, шумарство и водостопанство,

за финансии, за здравство, на Секретаријатот за европски прашања, црната хроника, ставот на министерот за транспорт и врски Горан Сугарески дека е потребно да се донесат законски измени за да заврши изградбата на автопатот Миладиновци-Штип, информациите од министрите Дамјан Манчевски за укинувањето на радиодифузната такса и од Мила Царовска за зголемувањето на минималната плата, состаноците на министерот Кочо Анѓушев во Владата за мерките од планот за економски развој со претставници на меѓународните институции и амбасадори и со домашните компании и стручната јавност, информации за трошоците на претходната влада за рекламирање и промотори. Медиумот информираше и за тоа дека германската компанија „Акомпласт" отвори погон во слободната индустриска зона во Прилеп и се осврна на укинатите дисперзирани студии, а ја пренесе и пораката за фер избори од премиерот Зоран Заев по повод Денот на демократијата. Објавувањето на публикацијата со отчетот за првите 100 дена на Владата е повод за осврт *„Власта се фали со нови мерки, опозицијата критикува за популизам"* (2 минути и 43 секунди) во кој на наводите од владиниот отчет им се сопоставуваат критиките од опозициската ВМРО ДПМНЕ.

На надворешно политички план, покрај за учеството на премиерот Заев на Генералното собрание на ОН, и неговите средби таму, беше известено и за средбата на министерот за надворешни работи Никола Димитров со потсекретарот за политички прашања во Стејт департмент Томас Шенон, а потоа и со својот грчки колега Никос Коѕијас. Средбите во Њујорк (на пример, онаа меѓу Зоран Заев и Јоханес Хан), беа анализирани во студиото низ разговор со новинарот Христо Ивановски. Во контекст на настаните во Њујорк, беше известено неколкупати и за тоа што било разговарано на средбата на посредникот во преговорите за името Метју Нимиц и грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас. Со коментар *„Средбата на Заев со Трамп од неколку секунди"* (3 минути и 1 секунди) Телевизијата критички се осврна на информацијата од ПР службата на Владата дека премиерот остварил средба со претседателот на САД Доналд Трамп на која била разговарано за неколку битни теми, а снимките од настанот покажуваат дека вистинскиот термин би било - ракување. Од билатералните средби, информација имаше и за посетата на министерот за одбрана на Бугарија – Красимир Каракачанов и средбата на македонската министерка Радмила Шеќеринска со него.

Од политичките партии, ТВ Нова најмногу ги пренесуваше ставовите и изјавите на ВМРО ДПМНЕ, било преку изјави и соопштенија, било преку дискусиите на пратениците во Парламентот – вкупно околу 47 минути. Реакции од ВМРО ДПМНЕ редовно имаше за постапките на Владата, во неколку наврати беа пренесени написи од „Курир". Повремено имаше одговори од СДСМ, која за своите активности во и надвор од Собранието, доби 10 ипол минути од времето во вестите. За ДУИ имаше вкупно нешто повеќе од 3 минути, а Алијансата на Албанците, Беса и Коалицијата Алијанса за Албанците имаат сосема малку време – како дел од информација за подготовките за изборите.

Локалните избори беа повеќе присутни преку информации за активности на ДИК, потпишувањето Кодекс за фер и демократски избори, генерални информации за отпочнувањето на кампањата, а потоа за подготовките на партиите, вклучувајќи и извештај за промовирањето на градоначалничките кандидати од ВМРО ДПМНЕ на Конвенција.

ДИК беше спомнувана и во контекст на известувањето за одлуките на неколку општини да распишат референдуми во врска со мигрантите, при што беа пренесени ставовите на ВМРО ДПМНЕ пред и по одлуката на Државниот инспекторат за локална самоуправа да побара Уставниот суд да се произнесе за тоа дали општините се надлежни за прашањето на мигрантите, како и информации од надлежното министерство и инспекторатот.

Информирањето од Собранието се однесуваше на дискусиите за законите за зголемување на минималната плата, за статусот на стечајните работници, за избор на нов член на ДИК и нов вицегувернер, за укинување на радиодифузната такса, предлог-законот за употреба на јазиците и за запирањето на работата на Законодавниот дом за време на изборната кампања.

Околу половина час од вестите се однесуваат на активности и ставови на ентитети кои се вбројуваат во методолошката категорија „други субјекти“. Ова се должи на некои од темите кои ги актуелизираше ТВ Нова, а во кои се појавуваа компании, медиуми и новинари, како и Институтот „Димитрија Чуповски“ според чија анкета ВМРО ДПМНЕ ќе победи на локалните избори, а најголема доверба граѓаните имаат во нејзиниот лидер Никола Груевски.

Кон ова време, во дел придонесуваат и прилозите преку кои беше следена ситуацијата околу одлуката земјоделско земјиште да се пренамени во градежно во корист на братот на министерот Кочо Анѓушев – најпрвин беше пренесен текст од „Курир“ за документ добиен од укажувач, наредниот ден беа спротивставени реакциите од ВМРО ДПМНЕ и од министерот Анѓушев, а друг ден беше пренесена изјава од ВМРО ДПМНЕ.

Во континуитет беше следена темата за субвенциите за земјоделците, преку неусогласеноста на изјавите на премиерот и министерот за земјоделство за тоа кој ќе биде квалификуван да зема субвенции, имаше став на експерт по ова прашање, беше известено за, како што беше речено „бесот“ на земјоделците од изјавата на премиерот дека субвенции ќе добиваат само оние од нив кои секоја наредна година ќе имаат 10% поголем принос, и обвинувањата на оваа тема од ВМРО ДПМНЕ.

Прашањето на укинувањето на појадокот во три студентски домови во Скопје, ТВ Нова го обработуваше во низа. Во освртот *„Владата го укина појадокот во студентските домови“* (1 минута и 52 секунди) беа наброени поволностите за студентите што ги укинала новата Влада и беше наведено дека студентите го изразиле своето незадоволство на социјалните мрежи, а раководството на студентскиот дом не дало одговор на поставените прашања од ТВ Нова. Следниот ден имаше и коментар *„Револт кај студентите од мерките на Владата“* (3 минути и 17 секунди) во кој информациите од освртот од претходниот ден, беа надополнети со кратка анкета од тројца граѓани (еден млад човек и двајца пензионери) и беше наведено дека ТВ Нова сè уште не добила одговор од Државниот студентски центар зошто се укинува појадокот. Третиот ден, во прилогот *„Студентите бараат одговор од Богоев“* (2 минути и 13 секунди) повод за реактуелизација на прашањето (и повторување на укинатите поволности) беа реакциите на ВМРО ДПМНЕ и апелот од група студенти до Стефан Богоев да ги исполни ветувањата.

Во низа беше известувано и за прогласувањето епидемија на морбили во дел од Скопје и за активностите за вакцинација.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ НОВА | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:17 | 21,37 | % |
| Влада на РМ | 00:13:51 | 18,18 | % |
| Други субјекти | 00:12:05 | 15,86 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:29 | 9,82 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:08:42 | 11,42 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:05:09 | 6,76 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:14 | 1,62 | % |
| Специјално обвинителство | 00:00:18 | 0,39 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:32 | 2,01 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:10 | 5,47 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:47 | 2,34 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:32 | 2,01 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:06 | 2,76 | % |
| **Вкупно:** | **01:16:12** | **100** | **%** |

Прва по времето за директни изјави во овој деветдневен период беше ВМРО ДПМНЕ со околу 16 минути, потоа Владата (речиси 14 минути), па другите субјекти – дванаесетина минути. Сите други субјекти имаат помалку од 10 минути.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Интервјуа</u>*

За време на овие девет дена кои се опфатени со предизборниот мониторинг, емитувано беше само едно премиерно издание на интервју на ТВ Нова. На 24 септември во 11 часот и 30 минути беше емитувано интервју со Сашо Узунов, австралиски фриленс новинар и независен филмаџија по потекло од Македонија.

Во периодот од 16 до 18 септември, репризно беа прикажани и 4 изданија на интервјуто со адвокатот Тони Мекиноски.

*<u>Актуелно информативни програми</u>*

Од 16 септември до 24 септември, емитувани беа четири изданија на актуелно-информативната програма *„Бумбар"*, изведена како контактна емисија со директни телефонски јавувања и комуникација преку социјалната мрежа Фејсбук. Во неа, гледачите гласаат со бел или црн бумбар за две зададени теми, зависно од тоа дали имаат позитивен или негативен став за нив. Темите за кои граѓаните можеа да го искажат својот став беа:

- *„Вардар се сели од Филип Втори поради високите цени"*, *„Донесен законот за стечајци и укината радиодифузната такса* (премиера на 19 септември, репризи на 20 септември);
- *„Да не се плаќа 5.000 евра казна за зборување мајчин јазик"*, *„Референдуми против населување на мигранти на ист ден со локалните?"* (премиера на 20 септември, репризи на 21 септември);
- „Втор месец по ред намалување на платите", *„ФАЦ: Можно е преименување на аеродромот во Скопје по изборите"* (премиера на 21 септември, репризи на 22 септември);
- *„Заев: Очекуваме датум за почеток на преговори"*, *„Собирање потписи за продолжено породилно отсуство на 18 месеци"* (премиера на 22 септември, репризи на 23 септември).

Премиерното издание на емисијата Бумбар е во 18 часот, од понеделник до петок, со две редовни репризи по 1 часот по полноќ и во 8 часот наутро наредниот ден.

На 19 септември во 12 часот, ТВ Нова емитуваше директно вклучување од просториите на ДИК каде што се одвиваше ждрепка за редоследот на листите за локалните избори. Директното вклучување беше во вкупно траење од еден час.

*<u>Дебати</u>*

Во периодот од 16 до 24 септември во редовниот термин во 20 часот и 30 минути, емитувани беа шест изданија на дебатната емисија *„Отворено студио"*:

- *„Извештаите на Прибе: Сите ги прифаќаат, никој не ги спроведува"*, гости во емисијата беа универзитетските професори Владимир Божиновски и Никола Дујовски (премиера на 19 септември, репризи беа емитувани во 23 часот и следниот ден во 6 часот и 45 минути и во 11 часот и 30 минути);

- *„Дали Македонија ги сече врските со дијаспората?“*, дебата на ТВ Нова во Отворено студио со иселениците во Австралија и САД Ицо Најдовски Перин и Нестор Огинар (премиера на 19 септември, репризи - во 23 часот и следниот ден во 6 часот и 50 минути и во 11 часот и 30 минути);
- *„Развој или стагнација: Предизвици за производството на храна“*, издание на Отворено студио на тема посветена на земјоделството со м-р Игор Златков, поранешен директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и проф. д-р Драги Димитриевски, агроекономист и поранешен декан на факултетот за земјоделски науки. (премиера на 20 септември, реприза истиот ден во 23 часот и 20 минути и следниот ден во 7 часот и во 11 часот и 30 минути);
- *„Промакедонска или албанска вистинска загриженост од законот за јазици“*, дебата во Отвореното студио на ТВ Нова со професорките Наташа Колар Трајкова и Јованка Кепеска и аналитичарот Сотир Костов. Водителот на почеток на емисијата забележа дека не успеал да обезбеди гостин кој ќе го брани ваквиот предлог закон кој што е влезен во собраниска процедура. (премиерата е емитувана на 21 септември, репризи во 23 часот и 20 минути и следниот ден во 7 часот и во 11 часот и 30 минути);
- *„Политички програми наспроти граѓански потреби“*, во Отворено студио дебатираа Марија Ристевска од Центарот за истражување и креирање политики и Илија Ацески, универзитетски професор и социолог (премиера на 22 септември, реприза во 23 часот и 16 минути и следниот ден во 6 часот и 20 минути и во 11 часот и 35 минути);
- *„Како до побезбедно движење во сообраќајот на лицата со инвалидитет?“*, дебатата беше иницирана од Драган Спасовски, кој е лице со инвалидитет, а во неа учествуваа и претставничката од Полио Плус Елена Кочовска и Душан Томиќ, советник во кабинетот на министерот за труд и социјална политика. (премиера на 23 септември, реприза во 23 часот истиот ден и уште 3 репризи следниот ден во редовните термини).

Во овој деветдневен период беше емитувана и реприза на издание на Отворено студио кое премиерно беше прикажано пред 16 септември. Станува збор за дебатата на тема *„Економски ветувања и перспективи“*.

***Други програми***

На 22 септември во 2 часот и 45 минути по полноќ ТВ Нова ја прикажа четвртата епизода на документарниот филм *„Штип, градот под Исарот – Штип во периодот од 1945 до 2016 година“*. Документарниот филм ги опфаќа случувањата во Штип во периодот од завршувањето на НОБ сè до 2016 година како и најзначајните личности кои потекнуваат од градот. Во оваа четврта епизода учествуваат проф. д-р Виолета Ачковска, м-р Киро Филев, проф. д-р Блаже Китанов, претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, градоначалникот на општина Штип Илчо Захариев, првиот ректор на УГД Штип проф. д-р Саша Митрев, деканот на музичката академија на УГД Штип Тони Китановски, Кирил Панајотов, советник за културни манифестации во општина Штип како и познати спортисти, културни дејци и други личности кои потекнуваат или се активни во градот Штип.

## ТВ ШЕЊА

### *Дневно-информативни емисии*

Вкупното време од 2 часа и 48 минути, за анализа е земено од ТВ Дневникот емитуван во 18 часот и 55 минути, во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, а опфаќа новинарски обликувани информативни и аналитички прилози за актуелни, внатрешнополитички теми и случувања.

Формалниот, организациски дел од процесот на Локалните избори, ТВ Шења го обработи преку вести и извештаи за работата на Државната изборна комисија, посебно во делот на ждребувањето за изгледот на гласачкото ливче, акредитацијата на членовите на ОИК, приемот на член од паријата Беса во составот на Комисијата, и посредништвото при потпишувањето на Кодексот за фер и демократски избори на кој се обврзаа учесниците во изборната кампања. Од активностите на другите релевантни општествени фактори вклучени во организацијата на изборите, известувано беше за работата и за ингеренциите на Министерството за внатрешни работи, но и за мониторингот што го спроведуваат домашни невладини организации и мисијата на ОБСЕ ОДИХР. Преку изјави / разговори со аналитичарите Тахири и Ружин, беше поставено и прашањето за пресудните чинители за успешноста на изборниот процес, со посебна нагласка врз можната остра предизборна реторика која излегува од рамките на локалните прагматични теми што се приоритет за „обичниот граѓанин". Токму последниов аспект, оној што стои како реална заднина во однос на тековните партиски агитации, во посочениот период од девет дена ТВ Шења го обработи преку свои осврти, поткрепени со неформални анкети што непосредно го прикажуваат предизборното расположение на населението од одредени скопски општини, но и преку политичките прогнози за изборниот исход што се во доменот на методски формализираните истражувања на јавното мислење. Во овие рамки, посебно впечатливи беа два содржински поврзани прилога – за германската комунална фирма „Хенкел", чиј директор во интервју за ТВ Шења ги обвини поранешното и сегашното раководство на Општина Тетово дека му должат голема сума пари за редовно спроведени обврски. Новинарски, покрај ставот на споменатата фирма, застапени се и ставовите на засегнатите официјални страни на општинското раководство.

И во овој период на анализата Владата е најзастапениот субјект во сите изданија на мониторираниот ТВ Дневник, а најчесто се известуваше за „ревизорските" наоди од работењето на претходното извршно раководство предводено од коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и на ДУИ, како и за учеството на македонската владина делегација на Генералното Собрание на ООН. На второ место по застапеност во анализираните дневно-информативни изданија е ставката – „други субјекти", во која најчесто влегуваат времињата отстапени за лица опфатени (обвинети/осудени) или ангажирани (адвокати / правни застапници) во судски процеси, посебно за случаите „Диво Населе" и „Сопот", за кои ТВ Шења редовно известува во подолг временски континуитет. Во статистиката за темата „судство" влегоа и прилозите за работата на Специјалното јавно обвинителство, како и оние прилози што, општо речено, ја тематизираат потребата од реформи во судската власт, и иницираат ревизија на т.н. „политички монтирани случаи". Во споменатата статистичка категорија - „други субјекти" влегоа и освртите на ТВ Шења по различни општествено-политички теми, ставовите на претставници на здруженијата на македонските новинари, но и ставовите на Народниот правобранител (прилози за повреда на човековите права) и на Народната банка (прилози за импликациите на политичката криза врз македонската економија).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:31:22 | 18,67 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:15:37 | 9,30 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:01 | 0,61 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:28 | 5,04 | % |
| ДИК и други органи | 00:11:49 | 7,03 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:56 | 2,34 | % |
| Влада на РМ | 00:36:21 | 21,64 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Без субјекти | 00:14:34 | 8,67 | % |
| Беса | 00:06:16 | 3,73 | % |
| Судство | 00:05:20 | 3,17 | % |
| Специјално обвинителство | 00:04:00 | 2,39 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:03:59 | 2,37 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:06:41 | 3,98 | % |
| Собрание на РМ | 00:02:00 | 1,19 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:27 | 2,05 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:03:24 | 2,03 | % |
| Собрание (Беса) | 00:01:45 | 1,04 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:02:45 | 1,64 | % |
| Локална самоуправа (ДУИ) | 00:02:27 | 1,46 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:05 | 0,64 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:02 | 0,62 | % |
| СДСМ | 00:00:40 | 0,39 | % |
| | Вкупно: 02:47:59 | 100 | % |

Главните новинарски извешати од работата на Собранието на Република Македонија, во овој период се однесуваа на – расправите за предлог-законот за употребата на јазиците, во чија сенка падна донесувањето на законите за стечајните работници и за минималната плата, како и укинувањето на радиодифузната такса. Презентиран беше и критичкиот став на аналитичарите Бакиу и Салиу, кои, пак, собраниската расправа за предлог-законот за јазиците ја гледаат како „политички трик“ од кој сегашната коалиција СДСМ / ДУИ може многу да загуби пред потенцијалното гласачко тело.

Од другите поважни теми за периодот од 16 до 24 септември, може да се издвојат прилозите за протестот на студентите за затворањето на Тетовскиот универзитет, проследени со коментарот на ТВ Шења за контрадикторните ставови на Али Ахмети, лидерот на ДУИ, по ова прашање.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ Шења | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Експерти/аналитичари | 00:05:06 | 13,97 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:54 | 7,95 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:02 | 2,83 | % |
| Влада на РМ | 00:08:49 | 24,16 | % |
| Други субјекти | 00:07:10 | 19,63 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:07 | 3,06 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:08 | 0,37 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:03:41 | 10,09 | % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:00:58 | 2,65 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:13 | 0,59 | % |
| Собрание (ДУИ) | 00:01:35 | 4,34 | % |
| Собрание (Беса) | 00:00:52 | 2,37 | % |
| Беса | 00:01:00 | 2,74 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:55 | 2,51 | % |
| Алијанса на Албанците | 00:00:40 | 1,83 | % |
| СДСМ | 00:00:20 | 0,91 | % |
| | Вкупно: 00:36:30 | 100 | % |

## САТЕЛИТСКИ ТВ

### ТВ 24 ВЕСТИ

#### *Дневно-информативни емисии*

Вкупно 3 часа 53 минути и 37 секунди, информативно време за внатрешнополитички теми, собрано беше од ТВ Дневникот емитуван во 20 часот, во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, односно – девет дена пред официјалниот старт на изборната кампања за Локалните избори.

Стриктно одредениот предмет на методолошката анализа – „Процесот на Локалните избори", беше опфатен преку вести и извештаи во врска со ждрепката за редоследот на учесниците во изборниот процес на гласачкото ливче, како и за потпишувањето на Кодексот за фер и демократски избори со посредништво на Државната изборна комисија. ТВ 24 направи и интервју со Одри Гловер, шефицата на мониторинг мисијата на ОБСЕ – ОДИХР, а извести и за одлуката на Државниот инспекторат за локална самоуправа, т.н. „референдуми против мигранти" да се прогласат за незаконски, но последователно ја проследи и реакцијата на ВМРО ДПМНЕ.

Во статистиката за застапеноста на субјектите чии активности беа предмет на мониторингот во широкиот поим на – „предизборието", Владата и во овој извештај е меѓу најзастапените, но карактеристично е тоа што речиси сите нејзини тековни зафати, било во областа на економијата (*отчет / ревизија / проекции / соработка со бизнис-секторот / стопански комори*) било во однос на т.н. – евро-атлантски интеграции (*обраќањето на премиерот Заев во ООН / средбите со претставници на меѓународната заедница / прогнози за темпото на евро-атлантските интеграции)*, проследени се со вести и извештаи за критичките реакции на ВМРО ДПМНЕ, или пак, најчесто со изјави и интервјуа на поединци или на групации од интерес, директно засегнати од политиките на извршната власт. Оттаму и релативно високите статистички ставки (во однос на вкупното време за ТВ Дневникот во деветте дена опфатени со анализата) за најголемата опозициска партија (25 минути) и за категоријата – „други субјекти" (42 минути). Конкретно, во второспоменатата категорија, преку прилози содржински поврзани со процеси и состојби во македонската економија, влегоа: поединечни стопанственици (*Макпетрол; ФЕНИ-индустри*), претставници на стопанските комори; Народната банка на Република Македонија; Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот; но, и личности, организации и институции поврзани со други општествено - политички теми, а најчесто: индивидуи опфатени и ангажирани во судски процеси; претставници на „академската јавност"; организатори на културно-уметнички манифестации, коментарите/освртите на ТВ 24 или на други претставници од медиумската бранша.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:42:05 | 18,01 | % |
| Влада на РМ | 00:48:14 | 20,64 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:02 | 5,15 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:25:13 | 10,79 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:30 | 1,93 | % |
| Левица | 00:00:44 | 0,31 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:24:00 | 10,27 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:26 | 1,90 | % |
| Без субјекти | 00:11:21 | 4,86 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:15:06 | 6,47 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:11:13 | 4,80 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:22 | 1,01 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:45 | 1,61 | % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:07:28 | 3,20 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:07:28 | 3,20 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:59 | 0,42 % |
| Беса | 00:01:23 | 0,59 % |
| Собрание на РМ | 00:02:49 | 1,21 % |
| Судство | 00:06:42 | 2,87 % |
| СДСМ | 00:01:14 | 0,53 % |
| ТМОРО | 00:00:32 | 0,23 % |
| | **Вкупно: 03:53:37** | **100 %** |

Покрај споменатите „ревизорски" активности на Владата, или на некои од органите на државната управа / јавните установи и претпријатија, активности преку кои потоа ТВ 24 ја воспоставува директната критичка релација со опозициската ВМРО ДПМНЕ, затоа што од нејзините партиски редови произлегоа и најголемиот број раководители на претходниот состав на највисоката извршна власт, Телевизијата редовно известуваше и за собраниската расправа за предлог-законот за употребата на јазиците, како и за тековните реформски процеси во судскиот систем, посебно нагласени по забелешките од т.н. „Втор извештај на Прибе".

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ 24 Вести | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| Граѓански сектор | 00:06:34 | 8,24 % |
| Влада на РМ | 00:15:51 | 19,88 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:29 | 4,37 % |
| ДИК и други органи | 00:01:50 | 2,30 % |
| Други субјекти | 00:15:49 | 19,84 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:57 | 12,48 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:04:54 | 6,15 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:33 | 13,23 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:44 | 0,92 % |
| Собрание (Коалиција СДСМ) | 00:02:50 | 3,55 % |
| Собрание (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:04:10 | 5,23 % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:07 | 1,40 % |
| Собрание (ДУИ) | 00:00:15 | 0,31 % |
| Судство | 00:01:09 | 1,44 % |
| Собрание на РМ | 00:00:31 | 0,65 % |
| | **Вкупно: 01:19:43** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Во оваа категорија програма, опфатени се изданијата на емисиите жанровски реализирани како - интервјуа: „Неделно интервју", „24 Анализа", „Мој термин" и „Фактор 24". Распоредот на емитувањето, хронолошки за периодот од 16 до 24 септември 2017 година, и гостите во студиото на ТВ 24, беше следниов: Билјана Дуковска, претседателката на Македонската платформа против сиромаштијата, ги презентираше поентите од конференцијата – „Работа, колку да не е без ич"; Одри Гловер, шефицата на мониторинг мисијата на ОБСЕ ОДИХР, зборуваше за нивниот ангажман на македонските Локални избори; на различни општествени и политички теми, обединети во една емисија („Фактор 24"), емитувани се неколку интервјуа – со Томас Норберт Герберих, амбасадорот на Република Германија во Република Македонија, со Душан Јаниќ, претседателот на Форумот за етнички односи, чие седиште е во Белград, со Цветан Симеонов, претседателот на Бугарската стопанска комора, и со режисерката Ана Јакимска.

*Дебати*

Освен бројните репризи на дебатните емисии реализирани во претходните недели на т.н. „предизборен период“, премиерните дебати во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, беа емитувани во емисиите „24 Анализа“ и „24 Отворено, а се однесуваа на следниве теми: *„Почитувањето на правната држава, потребата од прогласување општа амнестија и ревизија на процесот на лустрацијата“*, со учесниците – проф. д-р Љубомир Фрчковски, и Ване Цветанов, од Комитетот за правата на граѓаните; *„Локални избори 2017 година“*, погледнати од повеќе правно-политички аспекти, со учесниците – Џабир Дерала, од „Цивил“, Дарко Алексов, од „МОСТ“, Љупка Гугучева, порт-паролка на ДИК, и Дончо Герасимовски, статистичар; *„Анкетите за испитување на јавното мислење и нивното влијание врз Локалните избори“*, тема на која дебатираа – аналитичарот Сашо Ордановски, и Никола Спасов од „Рејтинг“, агенцијата за истражување на јавното мислење; *„Истрагата за настаните од т.н. – Крвав четврток“*, дебата на која учествуваа – Павле Трајанов, претседателот на Демократскиот сојуз, и адвокатите Ѕвонко Давидовиќ и Абидин Абдули; последната, премиерно емитувана, дебата во периодот непосредно пред почетокот на изборната кампања, се однесуваше на - *„Пакетот економски мерки за подобрување на деловната клима, донесени од Владата на Репубика Македонија“*, а учествуваа - стопанствениците Горан Рафајловски и Мендерес Кучи, и Христијан Делев, економски аналитичар, претставник на опозициската ВМРО ДПМНЕ.

*Актуелно-информативни програми*

Премиерите на актуелно-информативните емисии што ТВ 24 ги емитува по принципот – „отворено студио“, ги опфатија следниве актуелни теми:

Очи во очи:

- *ВМРО ДПМНЕ: „Рашковски станува главен синоним за непотизам, а Владата молчи за тоа“;*
- *Собранието ги донесе законите за укинување на радиодифузната такса и за стечајните работници;*
- *Спасовски: „За Диво Насеље ќе се отвори меѓународна истрага“;*
- *Досега е затворен само еден судски процес кој е поврзан со настаните од „Крвавиот четврток“;*
- *Државниот инспекторат за локална самоуправа ги запре референдумите за мигранти во 12 општини;*

Мој термин:

- *Меѓународен ден на демократијата – дали ја чувствувате Македонија како демократска?*
- *Од 104 пратеници, 70 гласаа позитивно за Законот за минимална плата;*
- *Двојно помал број лекари, неисправни возила – хаос во Брзата помош на Скопје;*
- *Аеродром и Лисиче без вода за пиење;*
- *За ВМРО ДПМНЕ – Законот за јазици е неуставен, а ДУИ ги обвини за албанофоби;*
- *Македонците како должници плаќаат меѓу највисоките судски и нотарски такси;*
- *Движење за реформи во ВМРО ДПМНЕ: „Членовите сами да одлучат за кого ќе гласаат“;*
- *Слободна тема, а гледачите ги преферирале: Законот за облигација; демократизацијата на телевизиите; референдумите против мигранти и одлуката на Држаниот инспекторат да ги сопре тие референдуми; загадувањето на воздухот; реформите во ВМРО ДПМНЕ.*

## ТВ СОНЦЕ

### *Дневно-информативни емисии*

Во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, на ТВ Сонце беа мониторирани девет изданија на вестите од 18 часот. Вкупното времетраење на прилозите во вестите што се однесуваат на внатрешните општествено-политички случувања изнесува 2 часа и 3 минути. Медиумот ги користи информативните жанрови, вест, вест во низа, извештај.

Информациите за редовните активности на Владата, односно поединечните министерства (учеството на владата во Обединетите нации, владиниот отчет, ревизија на работењето на претходната Влада, билатерални средби, активности околу економските и политички реформи по планот 3-6-9, законот за јазици, минималната плата) се дел од прилозите поради кои субјектот Влада доминира во вестите на ТВ Сонце. Во овој петти извештаен период, втора доминантна категорија се „другите субјекти", односно темите кои ги опфаќаат реакциите и спорот меѓу грчките опозициски пратеници и министрите на грчката влада во врска со разговорите за името на Република Македонија, активностите на НБРМ, организации, комори и здруженија околу економскиот развој и инвестиции, општествени активности и случувања.

Медиумот отстапи и простор (12 минути и 33 секунди) за пренесување на политичките ставови на претседателот на партијата Македонска алијанса, Ѓорѓија Џорџ Атанасоски, кој е и сопственик на Телевизијата, пренесени како негова писмена реакција по одредени прашања (предлог-законот за јазиците, посетата на грчкиот министер за надворешни работи Никос Коѕијас, ставовите на бугарскиот министер за одбрана Красимир Каракачанов, поврзани со неговата реторика, противењето на какви било преговори за името).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сонце | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Влада на РМ | 00:49:58 | 40.60 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:06:10 | 5.01 | % |
| СДСМ | 00:01:21 | 1.10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:19 | 7.57 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:26 | 10.09 | % |
| Локална самоуправа (Коалиција ВМРО ДПМНЕ) | 00:01:58 | 1.60 | % |
| Македонска алијанса | 00:12:33 | 10.20 | % |
| Други субјекти | 00:17:30 | 14.22 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:35 | 2.91 | % |
| Собрание на РМ | 00:03:46 | 3.07 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија/јавни установи | 00:02:34 | 2.09 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:16 | 1.04 | % |
| Без субјекти | 00:00:37 | 0.50 | % |
| | **Вкупно: 02:03:05** | 100 | % |

Во малиот збир – 20 минути и 20 секунди, за т.н. – „директни обраќања", односно – автентични аудиовизуелни записи од јавните обраќања на гореспоменатите субјекти, повеќе од половина од вкупното време е отстапено за изјави на министрите и на портпаролот на Владата, пред сè околу активностите од Генералното Собрание на ООН, како и во врска со отчетот по стоте дена првични владини активности.

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Сонце | | |
|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:36 | 17,70 % |
| Влада на РМ | 00:14:11 | 69,75 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:38 | 3,11 % |
| Граѓански сектор | 00:00:22 | 1,80 % |
| Собрание на РМ | 00:01:33 | 7,62 % |
| | **Вкупно: 00:20:20** | **100 %** |

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

Во десетдневниот период, во емисиите „Избор на народот" и „Дијалози за Македонија", премиерно се реализирани следниве интервјуа: со д-р Ангелчо Андоновски, на тема - здравствените политики и критички осврт за несоодветно менаџирање на здравството; со Страшо Ангеловски, претседателот на партијата МААК, на тема – критички осврт кон постојните македонски партии, и нивната политика сведена на лични интереси; со Исмаил Бојда, лидерот на Сојузот на Македонците со исламска религија, на тема - односот на Владата и на поединечни партии кон Македонците Горани.

## ТВ КАНАЛ 5 ПЛУС

***Дневно-информативни емисии***

Од 16 до 24 септември, на програмата на ТВ Канал 5 Плус не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија што би било предмет на мониторинг согласно со критериумите од Методологијата.

***Други програми***

Во споменатиот календарски период земен за предмет на анализа, евидентирани беа само репризи на утринската програма „Здраво Македонијо", од која методолошки се издвоени само сегментите оформени како актуелно-информативна, контактна програма.

Темите на тие сегменти се наведени во извештајот за програмата на ТВ Канал 5.

## ТВ СИТЕЛ 3

***Дневно-информативни емисии***

На ТВ Сител 3 во деветдневниот период од 16 до 24 септември 2017 година, не се емитуваа вести како посебна информативна целина.

### *Други програми*

Во периодот на анализата, медиумот секојдневно ја репризираше утринската контактна програма „Ја сакам Македонија" премиерно емитувана на ТВ Сител. Констатациите за делот именуван - „На дневен ред", концепциски реализиран како „отворено студио", важат како што се дадени во извештајот за ТВ Сител.

## НАША ТВ

### *Дневно- информативни емисии*

Наша ТВ не емитува сопствени дневно-информативни емисии.

### *Посебни информативни емисии*

*Интервјуа*

Во овој извештаен период, телевизијата го реактуелизираше интервјуто со Ефтим Клетников (поет, писател и критичар) снимено во јули 2016 година, во кое се води разговор за Шарената револуција и актуелните политички состојби во Македонија, актуелни во тој период.

Интервјуто е репризно емитувано уште еднаш во овој мониториран период.

# РАДИО

## КАНАЛ 77

### *Дневно-информативни емисии*

Во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија што би било предмет на анализа според методолошките определби на Агенцијата.

### *Посебни информативни емисии*

#### *Актуелно-информативни програми*

На 23 септември 2017 година, двочасовното „отворено студио" на актуелно-информативната емисија „Стадион", освен што ги проследи јавувањата на слушателите за две основни теми: - *„Веруватe ли во политички анкети наспроти она што нè очекува на локалните избори?"*, и – *„Каков би требало да биде идеалниот градоначалник?"*, за гости, што експертски ги толкуваа поставените прашања, ги имаше аналитичарите Владимир Божиновски и Петар Арсовски .

## РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

### *Дневно-информативни емисии*

Во периодот од 16 до 24 септември 2017 година, беа емитувани 5 изданија на централниот „Дневник" од 16 часот и 30 минути на Радио Слободна Македонија, бидејќи се емитува само во работните денови. Анализираните прилози траеја само 47 минути и 49 секунди што не е доволно за да се извлекуваат заклучоци.

### *Други програми*

Радио Слободна Македонија, избра на 18 септември, во ноќните часови, уште еднаш да ја репризира емисијата „Земјо Македонска", оригинално емитувана на 12 февруари 2016 година, а во која водителот Тони Михајловски зборува за тогашното интервју што Зоран Заев, во тоа време од позиција на претседател на опозициската СДСМ, го даде за Сител ТВ, а го водеше Драган Павловиќ Латас. Ова издание на емисијата „Земјо Македонска" изобилува со вулгарен и непристоен речник, односно е во спротивност со професионалното начело за негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста.